„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

25 март 2022 година
број 164

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

Година XV Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710

NLB Banka

## ВО ОВОЈ БРОЈ...

ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕН ВЕСНИК стр. 2
СРЕДБА НА ПРЕМИЕРОТ КОВЧЕВСКИ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА СЗПМ стр. 3
АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА стр. 4 и 5
НАСТАНИ стр. 7
ТРИБИНА стр. 8

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП ТЕТОВО стр. 9
КУЛТУРА стр. 10
ПАНОРАМА стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12
ЗДРАВСТВО стр. 13
ЗАБАВА стр. 15
ДОНЕСЕН ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА СОЈУЗОТ стр. 16

ЌЕ ИЗЛЕЗАТ
14 април
- Прилог за пензионери во „Коха“
29 април
„Пензионер плус“

# Здруженијата на пензионери и Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија се граѓански организации со долга традиција и постоење

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија и здруженијата на пензионери се грѓански организации со долга традиција и постоење од цели 75 години. Тие се автентични субјекти кои се грижат за правата и интересите на пензионерите во нашата држава. Со овој текст сакам да се осврнам на неколку тези кои беа неосновано заменети со други тези и тоа во време на пандемија кога Сојузот и здруженијата покажаа видливи резултати. Знам дека не може да се погодат вкусовите на сите, но сепак кога гледате дека неосновано се адресираат некои (не)слабости на страна на Сојузот и здруженијата не можете да бидете толку индиферентни бидејќи е евидентно дека некому му сметаат нашите резултати. Затоа во овој текст ќе го изнесам своето мислење.

Зошто на одредени субјекти им пречи Сојузот, па и самите здруженија кога нотoрно е познато дека сите ние и во ова турбулентно време бевме на висина на својата задача?!! Имено, ги остварувавме најтрадиционалните активности иако редуцирано, но не заборавени поради пандемијата. Здруженијата го собраа членството под еден именител да се помогне на оние пензионери на кои тоа им е најпотребно. Иако, многу тешко но одговорно дел од здруженијата организираа и ги снабдија своите пензионери со огревно дрво. Собраа храброт спортистите и се натпреваруваа на спортските натпревари, музичките ревии, а неизостанаа и други видови културно–уметничкото творење, се издадоа многу книги кои го одбележија ова време. Се реновираа клубови, се адаптираа деловни простории, пензионерски соби и др.

Од друга страна пак Сојузот согласно со неговите надлежности како никогаш до сега поднесе низа предлози, иницијативи до државните органи со цел да се подобри материјалниот статус на пензионерот. Тука беа предлозите за усогласување на пензиите кои се прифатени од властите, не престануваат позитивните реакции што го подигнавме прашањето за донесување нова позитивна листа на лекови на која ќе бидат поместени лекови согласно со достигнувањата во медицинската наука, ослободување на пензионерите над 65 години од сите видови болничка партиципација, најважното прашање на социјално домување на пензионерите и низа други активности од долгата листа на постојниот активизам.

Она што со години е препознатлива пензионерската активност е функционирањето на солидарниот фонд (формиран пред многу, многу години) односно грижата за неговото функционирање што е во надлежност на Одборот на Регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина составен од членови – пензионери од 4–те сојузи во нашата држава. Во услови на пандемија споменатиот Одбор се соочи со дефицит на средства за благовремена исплата на посмртната помош од 30.000 денари. И замислете, оние кои најмногу „се грижаат“ за работата на Одборот во јавноста со радост објавија дека трајно е намалена отпремнината од 30.000 на 25.000 денари без да информираат дека се работи за времена одлука и дека 5.000 денари ќе се исплатат дополнително. Она што требаше да се знае е дека посмртната помош зависи од акумулираните средства и од смртноста на пензионерите. Но, нивната радост траеше кратко бидејќи вистината излезе на површина.

Кога сум на теренот за грижата за пензионерите за активности што самите пензионери си ги остваруваат се поставува прашањето зошто политичка партија на пензионери и други се грижи како работат пензионерските здруженија кои се членки на Сојузот (кои си имаат свои органи), како работи Одборот за солидарен фонд кога е познато дека нивното дејствување е парламентарно, а нашето е вонпарламентарно со непосредни односи и соработка со органите на државната власт независно од која политичка партија е парламентарното мнозинство и составот на Владата и нејзините органи. Во актуелниот момент согласно со Статутот на Сојузот не постои статутарен основ за соработка со политичка парија, и да постои соработка треба да се договори на кои прашања таа ќе се однесува. Затоа, повторно се поставува прашањето од каде интересот претставници на политичка партија на пензионери да ги посетуваат пензионерските здруженија, со изјави дека се залагале подобро здруженијата да работат, наместо да си ја работат својата работа во рамките на нивните парламентарни активности и таму да го даваат нивниот придонес за подобрување на пензионерскиот живот. Замислете, колку тие се со авангардни размислувања за исплата на посмртната помош кога даваат предлози кои воопшто не се во нивна надлежност, имено, предлагаат да се намалела членарината, па 3 месеци да не се доставувала на здруженијата и кога ќе се собереле пари ќе им се вратела. Каде, умните и грижливи луѓе го нашле правниот основ за таквиот предлог. Значи ли тоа дека здруженијата да ги оставиме без средства за нивното работење и да немаат никакви активности, а некои од нив и тешко функционираат бидејќи изворниот приход од членарината е незначителен, па затоа тие имаат материјална поддршка од Сојузот според критериуми утврдени со акт на Извршниот одбор. При тоа, предлагачите да не се доставува членарината 3 месеци очигледно не ја имале предвид околноста дека изворен приход на здруженијата е членарината и тие не се финансираат од Буџетот и не им се одобруваат банкарски кредити како граѓански организации кои и покрај тоа обезбедуваат социјален мир во државата. За пример се 2020 и 2021 година кога скоро сите здруженија први им помогнаа на пензионерите со материјална помош покажувајќи одговорен однос кон своето членство.

Исто така, интересни се советите од Партијата на пензионерите и други да не се практикувале спортските и културните активности како и снабдување со огревно дрво која активност била „незгодна“.

Кога станува збор кој ќе биде член од Сојузот во Управниот одбор би сакала да информирам дека согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување за преставник предложен од Сојузот треба да биде личност која има познавање од системот на пензиското и инвалидското осигурување, а и да придонесе за донесување одлуки значајни за корисниците на пензија.

На крајот, сакам да информирам дека Сојузот и здуженијата на пензионерите на Македонија не можат да соработуваат и да вршат активности на политичка партија. Во тој контекст на здруженијата од Сојузот им се препорачува во секојдневното работење при спроведување на избори во здруженијата да одбегнат секакви притисоци од која било политичка партија и самостојно според актите на здруженијата да си ги извршат изборните активности како самостојни правни субјекти кои сами си обезбедуваат приходи за своето работење и не зависат од никој друг субјект.

**Станка Трајкова,**
**претседателка на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија**

## На МТВ започна да се емитува емисијата „Трета доба“

Македонската телевизија на 19 март 2022 година започна да ја емитува емисијата „Трета доба“ која има големо значење за информирањето за работата на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија и на здруженијата на пензионерите.



Проектот претставува голем успех за претседателката на Сојузот, Станка Трајкова која е заслужна за повторното емитување на емисијата. Соработката со медиумите, како и оваа емисија, се дел од Програмата на Сојузот и има за цел информирање на пензионерите и пошироката јавност за резултатите и активностите на највозрасната популација во нашата земја. Во неа ќе бидат поместени мудри пораки и освежени стари спомени. Исто така, емисијата „Трета доба“ ќе содржи прилози и настани за животот на возрасните и како тие си ги исполнуваат пензионерските денови и активно converted стареат.

Првата емисија која одеше на 19 март 2022 година со радост и воодушевување беше дочекана од возрасните, главно пензионери, бидејќи таа е и доказ за почит–та на МТВ кон пензионерите. Емисијата ќе оди премиерно на Програмата на МТВ секоја втора сабота од 13:20 часот.

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

## Објави во „Сл. весник на РМ“ бр. 34 од 16 февруари, бр. 64 од 17 март и бр. 67 од 18 март 2022 година

# СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРЕИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

**422.**

Врз основа на член 116 став 2 и 3 Од Законот за пензиско и инвалидско осигурување (“Сл весник на РМ” бр 98/2012......267/2020”) и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина бр. 03-06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 7.2.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВРЕМЕНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАДРШКАТА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД – ПОСМРТНА ПОМОШ, ЧЛЕНАРИНА И ВИСИНАТА НА ИСПЛАТАТА НА ПОСМРТНАТА ПОМОШ**

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош се определува во износ од 150 денари месечно.

Износот од став 1 на овој член ќе се задржува почнувајќи со исплатата на февруарската пензија заклучно со исплатата на јунската пензија за 2022 година, заради обезбедување на средства за исплата на посмртна помош поради зголемениот број на починати корисници на пензија.

Член 2

Висината на посмртната помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 25.000 денари, почнувајќи со задршката од исплатата на пензиите за месец февруари 2022 година.

Примателите на посмртната помош ќе имат право на разлика од 5.000 денари (од 25.000 до 30.000 денари) по акумулирање на потребните средства за исплата на посмртна помош.

За доплатата од 5.000 денари на примателите од став 2 на овој член Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ќе воспостави посебна евиденција со адресни податоци.

Податоците од став 3 на овој член, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ги доставува секој месец до Регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина.

Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30 денари

Член 4

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на задршката за Солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош („Сл. весник на РСМ“ бр 292/2021 година).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со исплатата на февруарската пензија заклучно со исплатата на јунската пензија за 2022 година.

Одбор на Регистрирана организација
за солидарен фонд и членарина
Претседател,
**Ментор Ќоку**, с.р.

### СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Сл. весник на РМ“ бр 98/2012......267/2020“) и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина бр. 03–06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 10.3.2022 година донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРЕМЕНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАДРШКАТА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД - ПОСМРТНА ПОМОШ,ЧЛЕНАРИНА И ВИСИНАТА НА ИСПЛАТАТА НА ПОСМРТНАТА ПОМОШ**

Член 1

Во Одлуката за времено определување на задршката за Солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош „Службен весник на РСМ“ број 34 /22 во членот 2, став 1 после зборот: „денари“ се додаваат зборовите: „на сите затекнати а неисплатени посмртни помошти“, а во ставот ставот 2 зборовите: „по акомулирање на потребните средства за исплата на посмртната помош се заменуваат со зборовите: „ќе започнат да се исплатуваат со исплатата на јулската пензија, според редоследот на поднесените барања и во зависност од расположивите средства“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со исплатата на февруарската пензија заклучно со исплатата на јунската пензија за 2022 година.

Бр. 03–02/75–3
10 март 2022 година
Скопје

Одбор на Регистрирана организација
за солидарен фонд и членарина
Претседател,
Ментор Ќоку, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), во член 37 ставот (1) се менува и гласи:

„Усогласувањето на старосната пензија се врши според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во висина од 50%.“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Пензијата од ставот (1) на овој член, се усогласува на 1 март и на 1 септември секоја година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.“.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Член 2

Во член 76 став 1 точка 1) во потточката в) сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

Во потточката г) точката и запирката на крајот од реченицата се бришат и се додава сврзникот „и“.

По потточката г) се додава нова потточка д), која гласи:

„д) пиротехничари вработени во Дирекцијата за заштита и спасување кои се распоредени на работи и задачи раководител на одделение на пиротехничари - водител на тим и пиротехничар.“.

Член 3

Со исплатата на пензијата за месеците март, април и мај 2022 година, на секој корисник на пензија Фондот ќе исплати еднократен додаток во висина од 1.000,00 денари за месеците март, април и мај 2022 година.

Еднократниот додаток од ставот (1) на овој член, ќе се исплати од средствата на Фондот.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Премиерот Димитар Ковачевски на работна средба во СЗПМ

# Средба со исклучително значење за пензионерите

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски, на 7 март оствари работна средба во просториите на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија со раководството на Сојузот. На средбата, покрај претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, присуствуваа и потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку и Менка Темелковска, секретар на ИО на СЗПМ и уште неколку претседатели на здруженија на пензионери и членови на комисии. Оваа средба има исклучително значење како за СЗПМ така и за самите пензионери кои ќе можат да ги дознаат директните одговори од највисоко ниво на прашањата кои се од посебен интерес за оваа популација. На почетокот на средбата претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, го поздрави високиот гостин, премиерот Димитар Ковачевски, му посака добредојде и изрази благодарност што одвои време да присуствува на оваа средба за да ги слушне нивните барања и да им даде одговор за најважните суштествени прашања за пензионерите. Претседателката на СЗПМ Трајкова, го запозна премиерот со најзначајните активности во Сојузот во изминатиот период, истакнувајќи ги најбитните прашања за квалитетен и достоинствен живот на пензионерите. Меѓу другото претседателката Трајкова рече:




– Почитуван премиер, Вашето присуство на оваа средба е доказ за Вашата грижа за пензионерите, посебно за нивното здравје кое е многу битно во третата доба. Во оваа прилика ќе ја спомнам областа од доменот на здравственото осигурување и здравствената заштита на пензионерите, каде што имаме многу прашања за решавање, коишто оваа година повторно ги реактивираме и мислиме дека преку министерот за здравство, под палката на премиерот Ковачевски, барем ако ништо друго еден дел од нив ќе бидат решени. Пензионерите неколку години station наназад, а на општо задоволство на сите граѓани, а најмногу на возрасните лица, да се донесе позитивната листа на лекови. Тука се поставува прашањето, колку тоа е сложено да не може да се донесе таа позитивна листа толку време?

Еве неколку прашања кои беа истакнати на средбата, а поврзани со оваа дејност, кои се битни за нас: Ослободување од партиципација за сите видови од дијагностика до болничко лекување; Продолжување на лимитот до кој пензионерите се ослободени од болничка партиципација, а нашиот предлог е до 18.000 денари; Проблемот во руралните средини и барањето за обезбедување теренски лекар и подвижни аптеки; Изградба на државни старски домови и субвенционирање на цените во приватните старски домови како би се сместиле и пензионери со пониски пензии; Донесување национална програма во која ќе бидат разработени сите форми и облици на социјалното домување; Враќање на пензионерските објекти изградени со средства на пензионерите и да се отстапат на здруженијата на пензионерите на трајно користење.



Претседателот на Владата Димитар Ковачевски, откако на средбата директно ги слушна приоритетните барања и проблеми кои ги мачат пензионерите искажани во излагањето на претседателката на Сојузот Станка Трајкова, рече:

– Ви благодарам на поканата и сакам на почетокот на сите да ви посакам многу здравје и успех на вас и вашите фамилии. Она што го ветив уште на почетокот е воведување на нова методологија за пензиите, односно нивно зголемување и финансиска помош на пензионерите бидејќи се најранливи во услови на огромна економска криза, здравствена, а сега и воена криза. Ние разговаравме со ММФ, со Светската банка како меѓународни финансиери на оваа држава, успеавме да добиеме поддршка за да влеземе во разговори за нова методологија и да обезбедиме од буџетот финансиска поддршка во услови кога се зголемени сите цени на енергенсите. Врз основа на тоа, донесовме одлука за 1.000 денари како финансиска поддршка линеарно за сите пензионери. Оваа финансиска помош е во година кога имавме најголемо зголемување од 2,9% во првото усогласување во јануари. Усогласувањата ќе се прават во март и април според оваа методологија која ќе биде законска и нема да постојат други членови. Сега имаме методологија каде што пензиите се усогласуваат со 50% зголемени трошоци за живот и 50% со пораст на просечната плата. Врз основа на тоа, сега во септември ќе имаме усогласување, бидејќи тогаш Заводот за статистика ги вади официјалните податоци и во март идната година повторно ќе има усогласување.

Претседателката на Сојузот Трајкова во своето излагање акцентираше повеќе сегменти, на крајот премиерот ги подели со право на три дела. Најголемиот број се во Министерството за здравство. Кој потенцираше да се достави точна листа на барања до Владата кои тие ќе ги доставаат до Министерството за здравство и ќе иницираат да се направи исто така дијалог со, како што го направи Министерството за труд и социјална политика. Вториот дел е во делот на Министерството за труд и социјална политика. А третиот дел е во делот на општините, бидејќи пензионерските домови се дел од општините, преку градоначалниците во ЗЕЛС да можат соодветно на своите буџети, тоа да го направат со старските домови.

**Васил Пачемски**

# Претставници на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија на средба со претседателот на државата Стево Пендаровски

На 4–ти март 2022 година Претседателот Стево Пендаровски прими претставници на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.



На средбата претставниците на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија го информираа Претседателот Пендаровски за работата и активностите на најбројната асоцијација во која членуваат 53 здруженија со околу 280 000 пензионери, здружени со цел заштита и унапредување на заедничките интереси и права на корисниците на пензија во државата.

На средбата претставниците на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија ги истакнаа нивните приоритети кои се насочени кон поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, за унапредување на културните, спортските и хуманитарните активности и потреби на пензионерите.



Претседателот Пендаровски ги поздрави заложбите на Сојузот на здруже–нија на пензионери на Македонија, изразувајќи ја својата поддршка за нивната работа и притоа потенцирајќи ја грижата на Сојузот кон своите членови, особено кон оние со ниски пензии, преку хуманитарни и волонтерски активности.



На средбата покрај другото, стана збор и за соработката на Сојузот со општините и локалната самоуправа, соработката со други здруженија, невладини организации и фондации, како и со пензионерски асоцијации од други земји од опкружувањето и пошироко.

Во 2021 година, Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија прослави 75 години од пензионерското организирање во нашата држава и по тој повод претседате–лката на Сојузот Станка Трајкова му врачи во име на Сојузот плакета на претседателот Пендаровски во знак на благодарност за поддршката која ја имаат пензионерите од него лично и од државата.

**С.Т.**

# Усвоени Извештајот за работа и Финансиски извештај на Сојузот за 2021 година

Извршниот одбор на СЗПМ ја одржа својата 29–та седница на 3.3.2022 година. Како што е вообичаено седницата ја раководеше претседателката на Сојузот Станка Трајкова.

Уште на почетокот на седницата, претседателката Трајкова предложи да биде дополнет дневниот ред со нова точка: Препораки за одржување на изборите. Предлогот беше прифатен. Потоа седницата продолжи според усвоениот Дневен ред.



Предлог–извештајот за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за 2021 година концизно го елаборираше претседателката Трајкова, која меѓу другото истакна:

– 2021 година, беше тешка година, меѓутоа во однос на 2020 година беше порелаксирана, бидејќи бевме вакцинирани и храбро му се спротивставивме на ковид – 19. Активностите во Сојузот и Здруженијата беа редуцирани, но не застанаа. Најголем дел од активностите беа објавени преку написи во весникот „Пензионер плус". Покрај традиционалните активности, ревиите и спортските натпревари, имаше и специфични нови активности.

Во 2021 година Сојузот доби нови работни простории на истиот кат на досегашните простории на трајно користење со имотен лист и во текот на 2021 години, се изврши реновирање на просториите во граница на можностите.

Исто така се изврши и усогласување на пензиите, кое е значаен институт, бидејќи преку усогласување на пензиите се одржува реалната вредност на пензиите. Во изминатиот период Сојузот континуирано доставуваше информација со предлози за промена на формулата за усогласување на пензиите до Владата на РСМ и Министерството за труд и социјална политика, со цел пензиите да се усогласуваат со дел од порастот на трошоците на животот и дел од порастот на платите. Во последниот текст од Информацијата се даде предлог во одделни периоди кога значително ќе пораснат трошоците на животот да има и дегресивно усогласување, (скалесто), со тоа што во рамките на вкупниот процент за усогласување на пензиите, (доколку тоа изнесува 5%), 4% ќе се исплати на сите пензионери, а 1% од масата на средства ќе се даде на пониските пензии изразено во фиксен износ, водејќи сметка на воспоставените соодноси на пензии. Со ова комбинирано усогласување на пензиите ќе се воспостави рамнотежа на процентот на усогласување на пензиите помеѓу двата параметри.

Што се однесува на примената на став 3 членот 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кое се регулирани дека доколку во претходната година е остварен пораст на просечната плата од повеќе од 5% и во тековната година има пораст на минималната плата од 5%, тогаш може и пензиите да се усогласат со пораст на платите со акт на Владата, но не повеќе од порастот на платите, бидејќи постојат услови и за усогласување на пензиите со пораст на платите.

Покрај усогласување на пензиите Сојузот има повеќе барања во доменот на здравствената заштита на највозрасната популација.

Потоа Сојузот покрена иницијатива за намалување на трошоците за достава на пензиите на домашна адреса, за пониски банкарски услуги, изградба на државни старски домови и друго.

Претседателката Трајкова ги информираше присутните дека од 19 март 2022 година на Македонската телевизија ќе има посебен термин на кој ќе се емитуваат прилози од Здруженија на пензионери и Сојузот.

По дискусијата во која учествуваа повеќемина од присутните, годишниот извештај на СЗПМ за 2021 година се стави на гласање и истиот едногласно беше усвоен.

За Предлог–финансиски Извештај за остварување на приходите и расходите за 2021 година, како и Извештајот на Надзорниот одбор ги образложија Менка Темелковска секретар на ИО на СЗПМ и Митре Стојановски претседател на Надзорниот одбор.

Темелковска истакна дека Сојузот и во 2021 година остварил позитивен финансиски резултат со рационално и економично работење. Потрошени се помалку средства за одржување на ревиите и спортските натпревари кои се реализираа со редуцирана содржина поради Ковид –19. Исто така, намалени се и трошоците за одржување на седници на Извршниот одбор, Надзорниот одбор и Комисиите, поради одржување на телефонски седници за кои не се плаќаа патни и дневни трошоци.

Митре Стојановски претседателот на Надзорниот одбор образложи дека направена е проверка на сите приходи и расходи. Констатирано е дека реално се искажани приходите и расходите и рационално се трошени средствата од членарината.Финансискиот извештајот за остварените приходи и расходи за 2021 година и Извештајот за Надзорниот одбор беа ставени на гласање и истите беа усвоени без забелешка.

Потоа беше усвоена Годишна сметка на Сојузот со вкупни приходи во износ од 9.224.410 денари и вкупни расходи во износ од 8.019.978 денари.



По усвојување на овие два важни документи беа донесени Препораки за одржување на изборите во 2023 година, кои треба да се одржат до крајот на јануари 2023 година во здруженијата на пензионери и на кои треба да се изберат нивните работни тела, како и делегати за собранието во Сојузот. По завршување на истите ќе бидат спроведени избори во Сојузот.

Во понатамошната дискусија имаше предлог изборите да се одложат за 2 години поради пандемијата, на што претседателката Трајкова објасни дека изборите треба да се одржат бидејќи тоа го налага Законот, и дека треба да се изберат квалитетни и стручни кадри кои ќе работат во интерес на корисниците на пензија. Дека Препораките се подготвени и треба да се почитуваат, а изборите треба да се спроведат. По исцрпната дискусија Препораките за одржување на изборите беа ставени на гласање и истите едногласно беа усвоени.

На седницата беше донесен и Правилник за Издавачка дејност на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. По оваа точка претседателката Трајкова објасни дека досега не постоеше посебна правна рамка, и воопшто со членот 36 став 4 од Статутот на Сојузот дека за информирањето на членовите и пошироката јавност ќе се користи печатот, радиото, телевизијата, веб–страницата и весникот „Пензионер плус". Со овој Правилник се регулира издавачката дејност на Сојузот дека таа се остварува преку издавање на „Пензионер плус", веб–страницата, страница во весникот КОХА, Билтенот за фолклорни ревии и спортски игри, монографии и други списанија, односно публикации од работата на Сојузот и здруженијата. Од претседателката беше потенцирано дека предност во објавување ќе имаат текстови преку кои се шири хуманост, соживот, а не омраза.

Предлог–одлука за уредник за работа на весникот „Пензионер плус", едногласно беше прифатена, како и Одлука за одобрување на материјална поддршка на ЗП Д. Хисар, Валандово, Велес и Мак. Каменица едногласно се прифати.

**СЗПМ**

ЗП Центар

# Усвоени финансиските документи и Програмата за работа за 2022 година



На последниот ден од месец февруари, Собранието на ЗП Центар ја одржа 12–тата седница на која предмет за расправа беа финансиските документи за работа на здружението во минатата година, како и Програмата за работа во оваа година.

Седницата ја раководеше претседателката на Собранието Љубинка Крстева.

Собранието најнапред го усвои Записникот од 11–тата седница, а потоа новоизбраниот претседател Злате Стефановски ги информираше присутните за остварената средба со градоначалникот на Општина Центар Горан Герасимовски. На оваа средба, рече претседателот Стефановски, биле изнесени неколку видувања за решавање на проблемите на пензионерите од Општина Центар, а еден од приоритетите е отворање пензионерски клубови во оние ограноци каде што сè уште ги нема. Било разговарано и за санирање на просториите на постоечките клубови, неопходните молеро–фарбарски работи како и дезинфекција на просториите каде што пензионерите го поминуваат своето претпладне во разни ангажмани и слободни активности. На предлог на градоначалникот Герасимовски, договорено е да се направат спортски натпревари меѓу ограноците во Здружението, а за најдобрите да бидат обезбедени награди со што ќе се придонесе за омасовување на спортските активности и уште поголемо вклучување на поголем број пензионери во нив. На средбата со градоначалникот Горан Герасимовски, информираше претседателот на Здружението Злате Стефановски, била нагласена и потребата и натаму да се продолжи со помош на најранливите категории пензионери. Градоначалникот на оваа средба нагласил и дека остануваат отворени за соработка со пензионерите и продолжување на активностите за збогатување на нивниот живот.

По информацијата за средбата со градоначалникот Собранието го разгледа и усвои Извештајот за работа на Собранието и Извршниот одбор на Здружението во 2021 год. При



тоа беше нагласено дека заради коронавирусот, активностите се одвивале во отежнати услови, клубовите на пензионерите работеле согласно со здравствените протоколи, планираните екскурзии не се одржале, освен една за која имало мало интересирање, спортските натпревари на регионално и на републичко ниво се одржале во оние дисциплини кои можеа да се одржат на отворен простор со намален број учесници. ЗП Центар учествувало и на Регионалната и Републичката ревија на песни, музика и игри. И во вакви услови, Собранието одржало три седници, на кои се разгледани повеќе важни прашања. Собранието на седницата го разгледа и усвои и Извештајот на Надзорниот одбор за материјално–финансиското работење на Здружението во 2021 година. Врз основа на утврдената фактичка состојба НО констатирал дека финансиското работење на Здружението се води согласно со важечките прописи, и оти расходите се во рамките на планираното и не нашол неправилности.

На седницата на Собранието беше разгледана и усвоена и годишната сметка за приходите и расходите на Здружението во 2021 година, а последна точка на која беше посветено внимание, беше Програмата за работа на Здружението во 2022 год. Во активностите за работа на Собранието, Извршниот одбор и нивните органи и тела се користат искуства од досегашната работа и за 2022 година се набележани многубројни задачи кои се однесуваат на подобрување на здравјето на пензионерите.

Програмата е отворена и може да се надополнува со предлози кои се во интерес на пензионерите, во текот на целата година. **Цветанка Илиева**

ЗП Гевгелија

# Позитивни показатели од работата и домаќинско работење

На 11.3.2022 година, ЗП Гевгелија ги одржа првите седници на ИО и на Собранието во оваа година. Тие се одржаа во ист ден и со идентичен дневен ред.

Седницата на ИО ја отвори претседателот Велин Стојменов. Најпрво со едноминутно молчење се даде почит на починатиот претседател на Културно–забавниот живот и домакинот на клубот во с. Богородица. Според дневниот ред по усвоениот записник беше разгледан и усвоен Извештајот од НО во периодот од 1.1.2021 до 31.12.2021 за кој свое излагање имаше претседателката на НО Гурга Икономова. Беше разгледан и усвоен и Финансискиот извештај за работа на здружението за изминатата година и прифаќање на завршната сметка за 2021 г. За овие точки имаше излагање и книговодителката Мирјана Карајанова кое го потврди и претседателката на НО. Беа прикажани детално приходите, расходите и добивката која отсликува позитивни показатели и домаќинско работење.

Беа разгледани и усвоени програмите за работа на комисиите. Претседателот на ИО рече дека се започнати подготовките за музичката регионална ревија и спортските натпревари. Беа разгледани и прифатени неколку барања од пензионери за финансиска помош како и помош на Јубилејната 90–годишнина на КУД Танец – Ѓура Мара од с. Миравци и финансиска помош за ЗП Дојран. Како завршено се донесе одлука за социјално–хуманитарна помош за Велигденските празници. Претседателката на Собранието Марија Николова со сличен дневен ред успешно го водеше Собранието.

Седниците завршија со желба живи и здрави и да имаме поуспешна и поактивна година. **Јанка Узунова**

ЗП Сарај

# Усвоени значајни документи

Собранието на Здружението на пензионерите Сарај, на 9.3.2022, во просториите на Клубот за дневен престој, ја одржа XВ–тата седница на која покрај членовите на Собранието и членови на Извршниот одбор, присуствуваа и претседателот на Надзорниот одбор, претседателката на Активот на



жените и претседателите на ограноците.

Собранието го раководеше претседателот Баки Бакиу, кој по усвојувањето на записникот од последната седница, со гласање е верификуван мандатот на Ајдин Фета за член на Собранието од огранокот Сарај.

Главни точки на дневниот ред беа: Извештај за работата на органите и телата на Здружението во 2021 година; Финансиски извештај за приходите и расходите и Одлука за усвојување на Годишната сметка на Здружението.

Акценти за точките на дневниот ред даде Бакиу, споменувајќи го успешното остварување на некои активности во услови на пандемија како: спортските, културно–забавните, здравствените, соработката, информирањето, работата на Активот на жените, работата на ограноците и др.

Образложение за точките на дневниот ред даде и претседателот на Извршниот одбор Махир Дураку, кој меѓу другото истакна дека земајќи ги предвид условите поврзани со пандемијата, поголемиот дел од програмските активности се остварени успешно. Тој истакна поради условите со пандемијата, минатата година Здружението му даде важност на доделувањето помош на пензионерите со ниски пензиски примања.

За материјално–финансиското работење и покрај тоа што имаше писмен материјал од Надзорниот одбор, претседателот Бедри Таири даде и усно образложение.

По дискусиите околу точките на дневниот ред, беше оценето дека Здружението во 2021 година работело успешно, одговорно и економично. Дневниот ред едногласно беше усвоен.

**Баки Бакиу**

ЗП Чаир

# Резултатите поттик за нови активности

Во втората половина од февруари 2022 година, Здружението на пензионери Чаир ги сумираше резултатите на активностите од изминатата година.



Најпрво на третата редовна седница Извршниот одбор на ЗП Чаир ги разгледа извештаите и програмите за работата на Здружението кои беа прифатени. Покрај тоа, според точките од дневниот ред ИО ги донесе следните одлуки: одлука за работа на пензионерските клубови; одлука за именување домаќин на пензионерскиот клуб во Топанско Поле; одлука за склучување Договор за деловните простории и исплата на останатиот паричен износ и одлука за именување претседател на Комисијата за здравство. Осум дена по оваа седница, за работата на ЗП Чаир опширно и конструктивно се расправаше на отчетната седница на Собранието на ЗП Чаир, одржана на 3 март 2022 година, која ја раководеше Рауф Хамиди, претседател на Собранието, каде што со придржување на заштитните мерки беа донесени основните документи за работа на Здружението.

Откако беше усвоен дневниот ред и записникот од последната седница, се премина на разгледување и усвојување на извештајот и финансиското работење за период од 1 јануари до 31 декември 2021 година. Вовед во дискусијата по извештајот за работата даде Тодор Илиев. Тој ја истакна работата на органите и телата во изминатата година, а зборуваше и за учеството на регионалните и републичките спортски натпревари и за учеството на музичките ревии на песна, музика и игри. За извештајот на Надзорниот одбор за финансиско–материјалното работење на Здружението за минатата година, зборуваше претседателката на НО Виолета Шишкова, која истакна дека се работело домаќински и транспарентно и во рамките на Статутот на Здружението и законските прописи. На седницата пред Собранието беа ставени на усвојување Предлог–програмата за работа на ЗП Чаир и Финансискиот план за 2022 година. По дискусијата беа едногласно усвоени и донесени, а од повеќето дискутанти беа пофалени за нивната сеопфатност, стручност и транспарентност. Од страна на делегатите беше констатирано дека во Здружението сегаш Програмата пред сè ги запазува приоритетите но ги содржи и развојните цели преку кои Здружението бележи успеси и напредок.

Делегатите ги разгледаа и усвоија и предлог–измените и дополнувањето на Статутот на ЗП Чаир, а беше усвоен и Деловникот за работа на Собранието.

**Васил Пачемски**

ЗП Делчево

# Одржано редовно годишно собрание

Здружението на пензионери Делчево на 27.2.2022 година го одржа своето редовно годишно собрание.

Делегатите од 14 општински ограно–



ци, почитувајќи ги протоколите за вирусот ковид–19, разгледуваа и ги усвоија предвидените точки на дневниот ред, од кои како главни беа: работата на Здружението на пензионери за 2021, Финансискиот извештај на ЗП за 2021 и завршната сметка за 2021 година. Исто така во дневниот ред беше ставен и планот и Програмата со финансискиот план за работа на ЗП за 2022 година.

ЗП во 2021 година во склоп на активностите предвидени со Програмата за работа за 2021 година, и покрај рестриктивните мерки од коронавирусот успешно реализира повеќе зацртани активности меѓу кои екскурзија на пензионерите до Лебедово Езеро кај Ново Село Струмица, учествуваше на Регионалната музичка ревија заедно со клубови на пензионери од Берово, Виница, Каменица, Пехчево.

Во соработка со Црвениот крст, локалната самоуправа, невладини организации и градоначалникот беа реализирани повеќе хуманитарни акции од областа на здравството, историските спомени и други акции.

Во дискусиите делегатите го истакнаа старото прашање за изградба на старски дом во Делчево. **Н.А.**

ЗП Кратово

# Одржана 18-тата седница на ИО на Здружението

Осумнаесеттата седница на Извршниот одбор на ЗП на Општина Кратово се одржа на 16.2.2022, на која беа разгледани Извештајот за работа на ЗП Кратово, годишната сметка, Програмата за работа за 2022 година и финансискиот план за 2022 година. Најнапред беше усвоен записникот од се–



думнаесеттата седница на Извршниот одбор на Здружението на пензионери на Општина Кратово, а потоа беше разгледан Извештајот за работата на Собранието, на Извршниот одбор, Надзорниот одбор, комисиите при ЗП Кратово и на стручната служба на ЗП Кратово. На седницата се разгледа и беше дополнет Календарот за спортски активности, рекреација, екскурзии и ревии за 2022 година. Беше регледана и годишната (завршната) сметка за 2021 година на здружението која ја образложи сметководителот на ЗП Кратово Сунчица Тодосовска. После тоа следеше дискусија за истата.

Исто така, беше разгледан и дополнет финансискиот план на приходи и расходи на ЗП Кратово за 2022 година. По последната точка од дневниот ред се дискутираше и за неколку активности кои се во завршна фаза на подготовка и тоа за реновирање на водоводната и канализациона инсталација и реновирање на тоалетите како и некои други презимени активности. **Методи Мишевски**

ЗП Карпош

# Активности на ИО во 2021

Здружението на пензионери Капош – Скопје, има воспоставено добри релации со СЗПМ во овие услови на пандемија, кога здравјето на пензионерите е најважно, така што ЗП Карпош иако работи со намален обем, тоа ги остварува зацртаните активности. Информирањето и размена на мислења за одредени актуелни прашања меѓу членството во Здружението е особено значајно, кое во овој период е актуелно и се одвива во СЗПМ, преку афирмацијата на весникот „Пензионер плус“, кој е многу битен за пензионерите бидејќи пишаното и забележаното е трага во времето, нешто што останува како аманет за идните генерации.



Може да констатираме дека нашето здружение има здрава економска основа која ни дава гаранција за успешно сегашно и идно работење.

Претседателот на Здружението Јован Гиновски, со претседателот на Извршниот Одбор Трифун Донев, со нивното искуство и поддршка, придонесуваат ограноците на Здружението успешно да функционираат дури и во овие услови на коронапандемијата.

Покрај активностите и проширените седници на кои присуствува и претседателите на седумте ограноци, со цел реализирање на програмските задачи, ИО во последниов период активно работи и на комплетирање на евиденцијата на членството по ограноците, со ангажирање на претседателите на ограноците, а се вршеше и ажурирање на целокупната евиденција во Здружението. Како и секоја година, така и оваа, Здружението планираните активности, цели и задачи, ги остварува согласно Програмата за работа со планираните приходи. Па така ИО на ЗП Карпош на одржаната 27–ма седница, на 15.2.2022 година, го разгледа и усвои Извештајот за материјално–финансиското работење на ЗП Карпош – Скопје за 2021 година. На состанокот членовите на ИО се изјаснија оти тој е сеопфатен и содржаен и дека се остварени планираните активности предвидени во текот на годината. Со усвојување на извештајот може да констатираме дека целокупното материјално–финансиско работење на Здружението, се водело според важечките прописи и нормативи, при што разликата меѓу приходи и расходи е позитивна.

Извршниот одбор ја разгледа Предлог–програмата со Финансискиот план за 2022 година, која беше реална и едногласно усвоена. Исто така за 2022 година ИО треба да подготви и да ја усвои Програмата за работа на Здружението.

**Душан Јовановиќ**

ЗП Злетово

# Позитивно финансиско работење

Според протоколите за заштита од ковид 19, на 11 март 2022 година, ЗП Злетово ја одржа редовната отчетна седница. Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на здружението Димитар Милосов. На неа вниманието на членовите беше насочено кон финансиското работење на здружението во 2021 година. Се дискутираше за приходната и расходната, како и за начинот на трошење на средствата и за остварената добивка.

По исцрпна и плодна дискусија, беше оценето дека ЗП Злетово во изминатата 2021 година работело одговорно и домаќински, па затоа членовите дадоа зелено светло на завршната сметка и едногласно ја усвоија.

На седницата присутните, од страна на претседателот Милосов, беа информирани за одлуката и начинот на намалување на износот на посмртната посмртнина од 30.000 на 25.000 денари и како и кога ќе биде исплатен намалениот износ од 5.000 денари.

Со цел ублажување на финансиската состојба, а по предлог на претседателот на здружението, ѝ беше соопштено дека се донесе одлука на семејството на починат член на здружението да му се исплати солидарна парична помош во износ од 2.000 денари. Оваа одлука ќе важи од март до јуни 2022 година.

Членовите беа информирани и за претстојните активности, како и дејностите во изминатиот период. Во тек е и запишувањето за огревно дрво, коешто е од голема помош за пензионерите.

**Д. Милосов**

ЗП Штип

# Редовно годишно собрание

Во просториите на ЗП Штип, на 16.3.2022 година, се одржа седница на Собранието на која учествуваа 30 делегати, каде што се разгледа извештајот и буџетот на Здружението. Во овој период на пандемија, поголемиот дел од средствата се наменети за помош на ранливите групи и болните, а беа разгледани и барања од пензионерите.



Седницата ја водеше претседателот Ристо Нетков, кој нагласи дека финансиите се од членарини и кирии од дуќани и додаде:

– Иако пандемијата ги измени сите планирани активности, сепак, на отворено се организираа спортските и музичките средби на пензионерите. Учествувавме на манифестацијата „Блакцето на баба“ во Велес, а голем е интересот за „Бабиниот зелник“ во Пробиштип. Ние организиравме натпревар на пензионерки во брзо одење по повод Денот на жената. На пензионерките им беше подарено цвеќе и еколошки торбички за пазар со логото на Здружението. Откупени се 120 карти за концерт. Секако програмата ќе претрпи промени, зависно од условите согласно со мерките за пандемијата. Најактивна беше Комисијата за економија и стандард, која редовно ги разгледуваше сите барања за помош, а најголем дел беа болните од ковид. Беше доделена помош за неплатени сметки за вода на загрозени случаи и на социјално загрозени пензионери. Моментално приоритет е снабдувањето со огревно дрво на пензионерите. Формирана е комисија која ќе ги селектира собраните чекчиња на пензионерите како евиденција за статусот на нашите пензионери и ќе се издвојат пензионерите на кои им треба помош и највозрасните пензионери над 90 години ќе добијат помош со ваучери.

Претседателот на НО Михајло Балов рече: – Комисијата констатираше дека најголем дел од средствата се поделени за болните од корона, за лекови, и за сиромашните, бидејќи таков е овој период во пандемија. Се надеваме на подобри денови каде што парите ќе одат за дружења и активности на пензионерите.

Беа донесени и одлуки по барања: за отстапување на простор за вежбање на хорот, за помош на црквите во село Брест и село Селце, а пензионерите од оддалечените населби побараа Здружението да помогне за воведување јавен превоз. Се надеваме овој период на пандемија ќе заврши, пензионерите ќе може да се дружат.

**Цвета Спасикова**

ЗП „Солидарност – Аеродром“ – Скопје

# Донесени значајни одлуки

Извршниот одбор на Здружението на пензионери „Солидарност – Аеродром“ – Скопје на 29–тата седница одржана на 28.2.2022 година, во полн состав на своето членство, на која присуствуваа и претседателот на Собранието и претседателот на Надзорниот одбор, донесе значајни одлуки за функционирање на Здружението. Тие се во согласност со Програмата за работа на Здружението за 2022 година и тоа утврдени се: Прегледот на планирани и остварени средства за период 1.1. до 31.12.2021 година; Извештајот за работа на органите и телата на Здружението во 2021 година; Извештајот на Надзорниот одбор по завршната сметка за 2021 година и беше донесена одлуката за утврдување на завршната сметка за 2021 година. При нивното утврдување – донесување Извршниот одбор ги имаше предвид предлозите, мислењата и забелешките од страна на одборите на 5–те свои ограноци, кои претходно ги разгледаа на состаноците. Горенаведените одлуки ќе бидат доставени на усвојување на седница на Собранието на Здружението.

Исто така, на оваа седница беше донесена одлука за купување деловен простор за ограонкот „Вардар“ за што е започната (е отворена) и е во тек постапка за купување објект – деловен простор за Клубот за дневна рекреација и дружење на пензионерите, а беше донесена и одлука за учество на Републичката манифестација „Блакцето на баба“, на која треба да учествуваат 12 пензионерки од ограноците на Здружението. За ова беше одобрен потребниот износ финансиски средства.

**Никола Маркоски**

ЗВП

# Позитивните резултати се поттик за нови активности

Здружението на воените пензионери – Скопје, ја одржа редовната годишна седница на Собранието во Домот на АРМ Скопје на 15.2.2022 година.



Работата на Собранието ја раководеше работното претседателство составено од претседателот на ЗВП – Скопје Ѓорѓи Заринкси, сектетарот Ефтим Мишовски и претседателот на огранокот Аеродром Јасмина Талаја, а седницата ја отвори и ја водеше претседавачот на Собранието Добре Ефремовски, кој ги поздрави присутните членови и гостите: Илија Николовски, пратеник во Собранието на РС Македонија, Филип Котели, претседател на Здружението на ветераните од одбраната и безбедноста на РС Македонија; и Ѓорѓи Андонов, претставник на СЗПМ и претседател на ЗП Гази Баба.

По усвојувањето на дневниот ред, по интонирањето на химната на РС Македонија и оддадената почит кон починатите членови на здружението во изминатата година, се изврши верификацијата на донесените одлуки на ИО и се изврши избор на нови членови во органите и телата на здружението по основи утврдени во Статутот на ЗВП – Скопје.

Извештај за работата на здружението во изминатата 2021 година поднесе претседателот на здружението Ѓорѓи Заринкси во кој, го истакна степенот на реализацијата на планираните активности во услови на пандемија, потребата за омасовување на членството, обезбедување соодветен деловен простор за работа на здружението, доделувањето на еднократна финансиска помош на определени членови поради здравствени причини и ниски примања како и учествата на ЗВП – Скопје на спортските, музичките и други активности на регионално и државно ниво, на кои ЗВП – Скопје постигна значајни успеси.

Предложени се, образложени и усвоени извештаите за работа на Здружението во 2021 година како и плановите и програмите за работа на Здружението за 2022 година, за што образложение дадоа секретарот Ефтим Мишовски и референтот Димче Апостолов. Беше заклучено во наредната година да се вложат напори за реализација на активностите на здружението на културно–забавен, спортски, рекреативен план и другите активности. Интересна новина беше усвојувањето на промотивен флаер, кој ќе се употреби во наредниот период за афирмација на здружението и привлекување нови членови.

На седницата на Собранието, беше потенцирано дека и органите и телата на здружението треба да преземат мерки и активности во насока на реализација на донесените планови и програми за 2022 година и отстранување пречките што стојат на патот за редовното и ефикасното работење на здружението.

**Милка Гирасова**

ЗП Илинден

# Собранието усвои важни документи

За работењето на ЗП Илинден општо и конструктивно се расправаше на редовната отчетна седница, која се одржа на 22 февруари 2022 година под строги протоколи од коронавирусот. Со присуство на сите делегати на Собранието се усвои завршната сметка, заклучило дека планираните средства се правилно и наменски потрошени и дека нема неправилности во работењето.

По плодната расправа се заклучи дека Здружението целосно ја оствари-



рането, а посебно со делегатите, во СЗПМ Цветан Велковски и во Градскиот сојуз Розе Остреска, беше изразено задоволството од планираното и оствареното во изминатата година.

Седницата ја раководеше претседателот на Собранието Васе Георгиевски, а по усвојувањето на записникот од претходната седница и дневниот ред, се помина на усвојување на извештаите за минатогодишната работа на органите и телата на Здружението, Извештајот од Надзорниот одбор за финансиска контрола за работењето на Здружението и завршната сметка за 2021 година, за кои позитивна оценка дадоа делегатите на Собранието. Потврда за тоа е оценката на Надзорниот одбор, кој по извршената контрола на ло Програмата и постигнало резултати посебно во преземањето мерки и решенија за подобрување на условите и на квалитетот на животот на пензионерите, по што едногласно беа изгласани сите документи. Покрај другото, на седницата беа разгледани предлог–правилникот за посета на болни и изнемоштени лица, предлог–правилникот за хуманитарна помош и правилникот за Активот на пензионерки, кои исто така беа едногласно изгласани. Значајно за минатогодишната работа на ЗП Илинден е дека се реализирани сите предвидени задачи и успешно е спроведено зацртаното, а се очекува во оваа година да се оствари уште повеќе.

**Васил Пачемски**

ЗП Крива Паланка

# Усвоени документи

Во услови на пандемија со запазени протоколи се одржа шестата седница на Собранието на ЗП Крива Паланка. Неа ја раководеше претседателот на Собранието Веселин Стојановски, а присуствуваа дваесет и еден делегат од дваесет и три.



Дневниот ред беше прочитан од претседателот Стојановски и едногласно усвоен со некои дополнувања како и записникот од претходната седница.

Разгледан беше Извештајот за работа на здружението и неговите органи и тела за 2021 година, со Финансовиот извештај за приходи и расходи за 2021 година.

Образложение за работата на здружението како и на органите и телата даде претседателот на здружението Трајче Давидовски, додека појаснување за Финансовиот извештај даде секретаром Душко Стамболиски поради оправдано отсуство на книговодителката.

По расправата се констатира дека здружението и во услови на пандемија ги реализирало активностите во редуцирана форма и дека работело домаќински.

Со дваесет делегати, а еден против, беше усвоен Извештајот за работа како и на телата и органите за 2021година, а исто со толку гласови беше усвоен и Финансовиот извештај со приходи и расходи за 2021 година. Претседателот на НО Бранко Ивановски даде појаснување околу завршната сметка, која исто така беше усвоена со дваесет гласови.

Беше разгледана и Програмата за работа на здружението за 2022 година како и финансовиот план за приходи и расходи за 2022 година. По Програмата се произнесе претседателот на здружението Давидовски, а по финансовиот план секретарот Стамболиски. И двете беа едногласно усвоени со надополнување да се овласти раководството и да се изработи Информатор за четиригодишното работење на здружението.

Се поддржа и учеството во Дваесеттата регионална ревија на песни, музика и игри и учеството на престојните меѓуопштински спортски игри како и на регионалните спортски игри. Се потенцираше на овие два големи настана, затоа што се во организација на СЗПМ, а нашето здружение е домаќин.

Претседателот на статутарната комисија ги запозна присутните, дека се работи на измените и надополнувањата на Статутот со СЗПМ и ќе бидат направени во предвидениот рок.

Присутните делегати дадоа поддршка да се достави заклучок до СЗПМ и тој да реагира до министерката да се отфрли изменама во членот 115 став 2 и да остане членот 115 став 1, кој гласи при одење во пензија да се потпишува една изјава за солидарен фонд и за членарина во здружението.Сите усвоени значајни документи за работа на здружението претходно се разгледани и усвоени од Надзорниот одбор, а беа поминати и на Извршниот одбор.

**Б. Стојчевска**


НЛБ Сребрен пакет
Вашата пензија
секогаш навреме
НЛБ Сребрен пакет
• Visa Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
Поволности
• Пензија на првиот работен ден во месецот
• Плаќање на рати без камата во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
• 3% Cash back во Веро маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
• Осигурителни поволности за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје
ПОН ВТО СРЕ ЧЕТ ПЕТ САБ НЕД
1 2 3 4
5 6 7 8 9 10 11
12 13 14 15 16 17 18
19 20 21 22 23 24 25
26 27 28 29 30 31
NLB Banka
VISA
NLB Banka
www.nlb.mk
Контакт центар: 02 / 15-600


ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ
osteotend®
ПРОИЗВОД НАМЕНЕТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НОРМАЛНА ФУНКЦИЈА НА ЗГЛОБОВИТЕ И 'РСКАВИЦИТЕ.
НА БАЗА НА
БРОМЕЛИН, ПАПАИН, РУТИН, МЕТИЛСУЛФОНИЛМЕТАН, ВИТАМИН Ц, Л ОРНИТИН АЛФА КЕТОГЛУТАРАТ И ЃАВОЛСКА КАНЏА.
не содржи глутен
не содржи глукоза
не содржи лактоза
osteotend
30 bustine | 5,6 g
30 ќесички | 5.6 g
ЗЕГИН ДОО Скопје
Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употребата и несаканите дејства на граничниот производ консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт"
НОВО
PROVEN®
PROBIOTICS
Cardiobiotic
КЛИНИЧКИ ЕДИНСТВЕНИ ТЕСТИРАНИ
PRO-VEN®
PROBIOTICS
Cardiobiotic
FRIENDLY LACTOBACILLUS BACTERIA WITH OLIVE LEAF EXTRACT PLUS VITAMIN B1 TO SUPPORT NORMAL HEART FUNCTION
30 Capsules
FOOD SUPPLEMENT
Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
Витамин Б1 значаен за одржувањето на ормалната функција на срцето
една 30 КАПСУЛИ на ден

Пробиштип

# На „Зелникот на баба“ се дружеа над 4 000 посетители

По две години пауза, поради пандемијата со ковид 19 во самото предвечерие на пролетта, се одржа 9-тото издание на една од најатрактивните етнонастани „Зелникот на баба“, манифестација што ги надмина сите очекувања на домаќините и гостите.



Во организација на Општина Пробиштип, на 19 март на градскиот плоштад „Св. Гаврил Лесновски“ се одржа манифестацијата „Зелникот на баба“, за која од самиот почеток се покажа дека има голем интерес од скоро сите градови од државата кои заедно со домаќините броеја над 4 000 љубители на македонските традиционални специјалитети од тесто, но доминираше зелникот по рецептот од нашите баби, а најголем број беа пензионери.



Годинава и покрај олабавувањето на мерките заради пандемијата, домаќините се одлучија да направат рестрикција на учесниците, па така учество земаа 18 здруженија на пензионери од Македонија, а изостана учеството на нашите традиционални гости од Р Србија и од Р Бугарија кои со своето учество даваа меѓународен карактер на манифестацијата.

Покрај презентацијата на зелници и многу други тестенини, манифестацијата имаше и други содржини, секоја поинтересна од другата. На лице место се месеше тесто, се сукаа корите, се ложеа во тепсија, се ставаше зелјето и се печеше под вршник, како што го правеле нашите баби.

Вештината за брзо сукање, имаше натпреварувачки карактер. На поставените маси околу фонтаната на градскиот плоштад се натпреваруваа 9 учесници од 9 градови, меѓу кои имаше и едно младо момче, кое докажа дека и мажите се доста вешти во оваа работа. Времето на сите им се мереше, а епитетот најбрза го понесе Живка Блажевска од ЗП Гази Баба – Скопје, која за само 10 минути усука 8 кори и направи превкусен зелник.

Покрај брзото сукање интересна беше и едукативната работилница каде што три жени им покажуваа на неколку девојчиња како се меси тестото, кој е размерот на брашното и водата и што друго се става во тестото за на крај да им покажат и како се сука кора. Жири–комисијата имаше мошне тешка и одговорна задача бидејќи требаше да определи најетно аранжирана и нај богата маса. За најетно уредена и декорирана маса епитетот го понесоа гостинките од ЗП Прилеп.

Манифестацијата „Зелникот на баба“ имаше и хуманитарен карактер. Сите изработки од тесто се продаваа на парче, а собраните средства одат за хуманитарни цели.

По донесувањето на одлуката кои се најдобри, обиколка направи и градоначалникот на Општина Пробиштип Драган Анастасов, кој беше мошне пријатно изненаден од богатите и вкусно подготвени трпези од сите градови учесници на манифестацијата и истата ја оцени како одлична и репрезентативна и за учесниците, но и за градот.

Покрај зелниците и другите специјалитети од тесто, за учесниците и гостите беше подготвена богата културно–уметничка програма со познати имиња од македонската фолк–естрада, етносостави од градот домаќин и игроорците на ФА „Китка“ од Истибање, кои со своите носии го презентираа нашиот богат фолклор.

И учесниците и гостите имаа прекрасен и незаборавен ден, исполнет со многу содржини и понуди на разни производи кои можеа да се купат како спомен од овој настан. 19–ти март и „Зелникот на баба“ долго ќе останат во сеќавање на сите присутни, заради квалитетот, разните содржини и големата масовност.

**М. Здравковска**

## Известување за претседателите на здруженијата на пензионери - членки на СЗПМ

Почитуван претседател,

Имам информации дека одделни Здруженија на пензионери како граѓански организации го посетуваат претставници од различни политички партии со настапи за појаснување во врска со усогласување на пензиите, посмртната помош и други прашања од работата на здруженијата.

Ве известувам дека доколку имате потреба од информација за споменатите прашања потребните одговори во секое време може да ги добиете од Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

Во следниот број на „Пензионер плус“ ќе биде поместен објавениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување објавен во Службен весник на РСМ, како и одлуките за Солидарниот фонд, од каде изворно ќе ги имате потребните информации.

**Станка Трајкова,**
**претседателка на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија**

ЗП Велес

# 27 средба на Републичката манифестација „Блакцето на баба“

На 3 март во ресторанот „Бела вода“ на Велешко Езеро беа одбележани 27 години од постоењето на Републичката манифестација при Здружението на пензионери – Велес „Блакцето на баба“.

Манифестацијата „Блакцето на баба“ за првпат беше одржана 1994 година благодарение на идејата на нашите пензионерки кои со својот ентузијазам и несебично ангажирање придонесоа да му се даде смисла на постоењето на Активот на жени, да се зачува традицијата наша македонска за да не се изгубат корените.

Со оваа манифестација повозрасната популација сака на помладите генерации да им се пренесе нешто што ние сме го наследиле од нашите баби за да не се заборави и да остане за вечни времиња како што е вечна нашата Македонија.

И оваа година се почувствува вкусот на „Блакцата на баба“ за коешто многу придонесоа вредните пензионерки од активите на жени – пензионерки од здруженијата на пензионери од нашата држава.

Тие ја збогатија трпезата со разни видови стари традиционални македонски блакца. Сите блакца беа вкусни и затоа сите беа прогласани за најубави и највкусни.

На оваа манифестација гости беа претставници на Општина Велес, Општина Чашка како и на Општинскиот одбор од Велес на Црвениот крст.

Манифестацијата најнапред ја поздрави претседателот на Здружението на пензионерите од градот домаќин, господинот Веле Алексоски. А за отворена ја прогласи претседателот на Собранието на СЗПМ, господинот Илија Адамовски.



Претседателката на Активот на жени при Здружението на пензионери – Велес, Благојка Настова, ги поздрави претседателките на активите на здруженијата и им додели благодарници за несебичното залагање за подготовка на преубавите блакца.

Гостите ги забавуваше прекрасната музика на групата „Кајшар бенд“, познат изведувач на стари македонски песни.

Манифестацијата „Блакцето на баба“ заврши со ветување наскоро да се сретнеме со исто така убави поводи за да не запре дружбата на пензионерите од сите здруженија, членки на СЗПМ.

**Нада Алексоска**

# Одбележан 8 март Меѓународниот ден на жената

Во повеќе здруженија членки на СЗПМ беше одбележан 8 март, Меѓународниот ден на жената се разбира со примена на мерките за заштита од Ковид 19.

Активот на жени при ЗП Кичево ја потсетија детската градинка „Олга Мицеска“ при што положија свежо цвеќе на бистата на кичевската хероина Олга Мицеска.

Во ЗП Штип по повод Денот на жената, се организираше натпревар на пензионерки во брзо одење кое се одржа во населбата „Осми ноември“, на пешачката патека која се наоѓа во живописниот предел на реката Брегалница. Присутни беа околу 200 пензионерки. Нив ги поздрави претседателот Ристо Нетков, кој им го честиташе празникот со желби за долг и среќен живот. Најбрзи беа пензионерките Милка Манаскова, Зора Трајанова, Галаба









Ѓорѓиева, и највозрасната учесничка Стојна Малинова. И Активот на жени пензионерки при ЗП Струга, го одбележаа својот празник, 8–ми Март. По две години пауза, поради пандемијата од ковид–19, го одбележаа Меѓународниот празник на жената, предводени од претседателот на Активот Елисавета Лазареска и потпретседателката Павлина Кузманоска. Среќен празник и долг живот на присутните пензионерки им посака и претседателот на ЗП Струга Милорад Трпоски, кој им врачи по еден каранфил.

И 30–ина пензионерки членки при ЗП Злетово, во весела атмосфера го одбележаа 8–ми Март – Меѓународниот ден на жената.

**Од дописниците**



ЗП Чаир

# Отворен нов пензионерски клуб во Топанско Поле

Една од позначајните програмски содржини на Здружението на пензионери Чаир, а се со цел создавање услови и овозможување поприjатно и осмислено живеење на пензионерите,



е секако отворањето на пензионерски клубови. Пензионерите од ЗП Чаир до сега го имаа на располагање само клубот во пензионерскиот дом „Лика Чопова“, а од 14 март 2022 година кон него се придружи и клубот кој е сместен во трговскиот комплекс во населбата Топанско Поле, простории кои ни ги додели Општината, која комплетно го уреди. На отворањето на клубот покрај големиот број на пензионери присуствуваа: претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, која на клубот му подари четири комплета домино, потпретседателот на ИО на СЗПМ, Ментор Ќоку, и генералниот секретар при Општина Чаир, Фарук Невзати.

На почетокот на свеченоста на присутните им се обрати во име на здружението претседателот на ИО Тодор Илиев, кој ги поздрави присутните, истовремено ја изрази својата благодарност до општината, посебно до градоначалникот Висар Ганиу, кој просторијата на новиот пензионерски клуб ја отстапи и опреми. Тој нагласи дека со отворањето на клубот, пензионерите од населбата Топанско Поле добија свое ново катче за дружба и поинтересно живеење, каде ќе поминуваат дел од своето слободно време.

Обраќајќи им се на присутните, Станка Трајкова, претседателката на СЗПМ истакна дека овој ден е многу значаен за пензионерите од ЗП Чаир, бидејќи општината покажува сериозен и одговорен однос кон возрасната популација. Додавајќи дека Здружението на пензионери од Чаир е здружение кое што во последните години е навистина во подем и се истакнува со практикувања на сѐ она што е во интерес на пензионерите. Таа искажа голема благодарност до Општина Чаир и посебно до градоначалникот Висар Ганиу за континуираната поддршка на повеќе полиња што Општината им ја дава на пензионерите, особено за функционирањето на пензионерски клубови.

– Како локална самоуправа секогаш ќе ве поддржуваме и ќе ви помагаме во реализирањето на вашите проектите, зошто тоа вие го заслужувате, – прогласувајќи го клубот за отворен, порача секретарот Невзати.

**В. Пачемски**

# Промените околу нас и светот

Зачекоривме во 2022 година и случките не престануваат да се случуваат многу брзо. Од познатата сентенца: „Ниеден пророк не е мил во земјата своја", доаѓаме до една друга исто многу важна: „Ќе дојдат времиња кога ќе имате и по 100 пророци дома", која ја парафразирам, не ја знам точно. И навистина, ако ја земеме понудата на интернет, секој еден човек кој има интернет може секој ден, да пронаоѓа секакви па и пророчки содржини во него. Едноставно нема што нема. Доблест е човек да се снајде во мноштвото информации и да го восприема само она што му е на корист.

Не знам дали пензионерите треба да се информираат за иста така многу споменуваната „Четврта индустриска револуција". Токму таа револуција води кон остварувањето на Агендата 2030. Сепак, бидејќи, многумина од пензионерите се високо образовани и дури и повеќето го знаат одлично и англискиот јазик, треба да знаат за овие нешта. Најмногу од причина да се потполно свесни во каков свет, светските моќници, преку Обединетите нации, одлучиле, дека треба да живееме ние и нашите потомци. Може да се најде и целата книга на Клаус Шваб во пдф–формат, со насловот Четврта... Препорачувам да се слуша или чита нешто од Хенри Кисинџер, кој сега има дури 98 години. Тој вели дека: „не е важно што е вистина, туку е важно она за што се смета дека е вистина". Истовремено тој е автор и на книгата: Светски поредок. Имено јас, интересирајќи се за овие светски промени дознав дека, терминот Регион, доаѓа токму од имплементацијата на оваа Агенда. Значи не се веќе во прв план важни границите и карактеристиките на националните држави, туку регионите.

А додека неинформираните се информираат, ќе ви кажам како јас се одлучив да се борам против оние делови од Агендата кои не ми се допаѓаат. Имено, сето земјоделство требало да се организира во огромни корпорации и да се користат монокултури, за да се има огромен принос, со користење пестициди, хебициди, вештачки удобрувачи на земјата. Сите лека–полека би требало да гравитираат во големите градови и малите стопанства полека да исчезнуваат. Не е тајна дека gmo–производството се смета за еден од најважните елементи во исхранувањето на човештвото. И самиот Кисинџер кажал дека: „оној во чии раце е храната, во негови раце е и власта". А слушам дека и познатиот филантроп Бил Гејтс заедно со Илон Маск купуваат огромни обработливи земјишта во САД. Па еве мој предлог е, ние иако сме мали, да не ги даваме своите мали стопанства. Сите да имаме парче земја, да учиме да одгледуваме храна органски и да не ги даваме и своите занаети и сè што нè прави независни во однос на опстанокот. Да размислиме зошто се зборува цело време за „одржлив развој", што тоа всушност значи?

За тоа многу зборува Вандана Шива, која е познат светски научник, активист за надворешната средина, поборник за регенеративното земјоделие, екофеминист и антиглобалист, која има своја голема фарма и има напишано 20 книги. Од неа дознав за терминот „навданја", кој означува девет семиња, како соодносот со деветте планети на сончевиот систем и како повик кон биолошко разнообразие и одбивање на генетскиот инженеринг и монокултурите. Во Америка тоа е системот на садење три сестри (three sisters), кој се користел за садење пченка, грав што ползи на неа и тиква. Овој систем се користи и ден–денес во Македонија. Имено, многу може пензионерот кој не се плаши: да си ги стави рацете во земја, да дознае за пермакултура и органско земјоделие и да биде дел од тивката револуција на опстанокот. И најмалото нешто постигнато ќе ви донесе огромно задоволство, оти ако зеленчукот и овошјето се раснети со природни удобрувачи, тие имаат многу попривлечен и прекрасен вкус. Покрај нели повисоката цел на спас на планетата.

Вашите внуци нема да ви простат ако не ги научите на тие вековни вредности на почит кон земјата. Конечно можеби некои од вас и самите никогаш немале шанса да се обидат во овие вештини, кои по малку стануваат и еден начин да се опстане во светот кој брзо се менува, но прифатете го предизвикот да се заинтересирате и да потегнете и некои важни потези. Ако немате парче земја во близина на местото на живеење, тогаш купете и почнете да садите. Или снајдете се некако, а не е лошо и да имате и мал пластеник. Знаеме дека најдолговечни се оние луѓе кои работат во бавча. Вашите внуци треба да го знаат тоа и да го применат и самите кога ќе имаат шанса. Мирисот на земјата се смета и за вид антидепресив.

**Маја Белева**

ЗП Прилеп – Разговор со претседателот на прилепското пензионерско здружение Славко Трајкоски

# Хуманоста и грижата за членството најважни

Разговорот со претседателот на ЗП Прилеп, Славко Трајкоски го водевме во време кога пандемијата од ковид–19 попушти и овозможи полабаво комуницирање и меѓу пензионерите.



● **Почитуван претседателе Трајкоски, најпрво кажете ни колку членови има на списокот на Здружението, или поточно колку членови секој месец плаќаат по 30 денари членарина кои одат на сметка на здружението за негови активности?**

– Ние сме едно од поголемите здруженија на пензионери, членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, со нешто повеќе од 14 450 членови. Точно преку Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на членовите што потпишале изјава за членство им се запираат по 30 денари, но 2,5 денари остануваат во касата на СЗПМ за тамошни и заеднички активности, а со другите средства ги реализираме активностите што секако не се за потценување. На почетокот би кажал дека ние како Здружение на пензионери постоиме нешто повеќе од 70 години. Сме организирани во 19 пензионерски ограноци во градот и други населени места, бидејќи во нашето здружение членуваат и пензионери од општините Кривогаштани и Долнени. Здружението има добра соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и члат за нашето здружение е што претседателот на Собранието на СЗПМ е делегат од нашето здружение. Имаме наш член и во правно–економскиот форум, во Комисијата за културно–забавен живот на Сојузот, член на издавачкиот совет на весникот на „Пензионер плус", а претседателот на статутарната комисија при Сојузот е исто така член од редовите на нашето здружение. Со други зборови застапени сме во повеќе органи и тела на Сојузот, и придонесуваме со квалитетни кадри.

● **На што беа насочени активностите на Здружението за време на пандемијата од ковид–19?**

– Се знае, сите активности што ги имавме планирано, беа редуцирани заради пандемијата и заради заштита на нашето членство кое за жал е во ризична група на жители, односно сме во популарната „трета доба". Сепак имавме доста активности што не вбројува во редот на најдобрите 53 здруженија во рамките на СЗПМ. Мислам, дека направивме доста за нашето членство. Еве ќе ги набројам активностите што ги реализиравме во минатиот период:

ЗП Прилеп е здружение со најмногу пензионерски клубови во нашата земја. Имаме 13 клубови на територијата на трите општини од каде што се опфатени сите членови. Отворивме и опремивме нов клуб во населбата – огранокот „Варош" каде што го решивме прашањето за просторна активност засекогаш. Со сопствени средства купивме простор за пензионерски клубови, а и ги опремивме и клубовите во огранците „Точила" и „Корзо". Со доделување на просторија во зградата на пензионерите во центарот на градот од страна на Фондот на ПИОСМ од нашиот град, добивме и опремивме нов клуб во огранокот „Бончејца", ги реновиравме и опремивме клубовите во Кривогаштани и огранокот „Сточен пазар". Извршивме адаптирање и преградување на големата просторија во огранците Рид 1 и Рид 2. Овде секако не би требало да се заборави големото реновирање и опремување на Централниот клуб и канцелариските простории на ЗП Прилеп, а во план е изнаоѓање на просторија поголема од сегашната во огранокот „Вишне".

Во време на 2021 година, во Прилеп, под покровителство на СЗПМ се одржаа три регионални пензионерски средби. На спортски план се одржаа регионалните спортски игри на пензионерите. Нашите, прилепските екипи освоија најмногу први места, и се пласираа за учество на Спортската олимпијада во Велес и го освоија петтото место. ЗП Прилеп беше домаќин на Регионалната ревија на песни музика и игри и на манифестацијата по повод 75–годишнината од пензионерското формирање во Македонија и 100–годишнината од раѓањето на големиот македонист поет, Блаже Конески.

● **Кои други активности беа реализирани во 2021 година?**

– Ги има многу, но ќе се обидам да набројам уште некои од нив. Главно станува збор за активности на хуманитарен план. Комисијата за здравство во 2021 додели 2.000.000 милиона денари за болните пензионери, 25.000 илјади денари на пензионерите што користеа бањско лекување, а нешто повеќе од 800.000 денари им додели на два наврати на пензионерите со ниски пензиски примања, за што бевме прогласени и наградени со посебна благодарница од страна на СЗПМ. Оваа благодарница ни беше доделена на Денот на пензионерите, 20 септември, а СЗПМ за првпат воведе ваква награда. Секако треба да се каже, дека нашето здружение меѓу сите 53 членки, здруженија во Сојузот лани додели повеќе од 3.000.000 милиони денари за своите членови. Комисијата за одмор и рекреација имаше планирано повеќе активности, но заради пандемијата мораше да ги редуцира и организираше само 3 екскурзии со по 160 членови, или некаде околу 500 учесници. Активност забележа и Активот на жени. Беше собирана облека и средства за децата од селото Манастирец – Македонски Брод, а пред Нова година беше посетен Домот за стари лица, каде што за штитениците КУД „Пенка Котеска" одржа музичко–забавна приредба. Добра соработка имаше и со боречката организација, односно Сојузот на борците и почитувачите на борбените традиции, зашто мора да се признае дека и таму членуваат повеќе наши членови – пензионери. Да не должам лани иако во состојба на пандемијата од ковид 19 имавме доста активности. – ни рече на крајот, претседателот на ЗП Прилеп, Славко Трајкоски.

**К. Ристески**

# Кој и зошто го урива угледот на јавното здравство во нашата држава?!

Во ова време–невреме многубројните стресови си го прават своето. Ни паѓа имунитетот особено на нас повозрасните нешто заради годините, нешто што сме бомбардирани со разни информации, дезинформации, но и точни и непотребни податоци.

Влегувам на Универзитетска клиника за инфективни болести „Мајка Тереза" во Скопје. Пред очите ми се ТВ екраните кои ги гледам секоја вечер на кои со црвено се обележани починатите, а во ушите слушам: 20 починати и тоа еден во домашни услови и 19 во болнички. Починатите се над 65 години и со коморбилитети... Се прашувам кому му се потребени овие податоци?! Секогаш умираат повозрасните. Имале коморбилитети. Па кој нема на тие години? Зошто се потенцира дека можноста да се почине е поголема во болница отколку дома? Да не е можеби обратно? Зошто тогаш сите бараме и молиме да бидеме сместени во болница? Со оваа порака што сака да им се порача на болните: останете дома посигурно е дека ќе преживеете! Недостасува да кажат или напишат само уште во која болница се случило тоа. Да речам дека овој дел од информацијата е нечовечен некоректен и злонамерен мислам дека не е доволно. На пребарување најдов разни информации, графикони и друго, но не најдов податок „починале во болнички услови"!

Целиот персонал, сите до еден се мошне љубезни. Како овие релативно млади луѓе дејствуваат како со години да работат во ист тим. Во разговорот со нив дознавам дека ги има од разни клиники, но и од разни градови.

Мои лекари се прим. д–р Шопова и спец. д–р Видиниќ. Нивната стручност и грижа за секој пациент плени. Се прашував можно ли е ова во болница во која почесто можеш да починеш отколку дома? Благата насмевка на д–р Шопова ја открива тајната:

– Такви сме затоа што сите што сме тука имаме заедничка цел пациентите да се чувствуваат пријатно и што побргу да оздрават и да си заминат дома. Ме радува вашето позитивно мислење за нашата работа. За жал, по медиумите се потенцираат други и поинакви факти особено за јавното здравство. Најчесто невистинити. (На интернет барав нема ниту еден позитивен напис за нашето јавно здравство. Негативни има).

Мислењето на прим. д–р Шопова го дели и спец. д–р Видиниќ. Интерсно е што и двајцата во нас, кои нè има во голем број повозрасни, гледаат само пациенти и не се однесуваат кон нас недостоинствено како некои лекари од „Брза помош" што прашуваат колку години има пациентот за да одлучат дали да дојдат на повикот. Факт е дека предност треба да имаат младите, но и возрасните треба да ја добијат потребната почит. Малку е ако речам: голема благодарност до прим. д–р Шопова и спец. д–р Видиниќ и до сите лекари, сестри, болничари ... чиј однос и однесување восхитуваат.

Но да се вратам на јавното здравство. Универзитетска клиника за инфективни болести „Мајка Тереза" во Скопје внимание, нуди нега и стручен третман за секој пациент, а и храната е одлична. Фалат одредени работи, но и тие можат да бидат решени со донации. Да помогне во таа насока треба и државата, а не да набавува скапи коли и сервиси.

Тогаш кој и зошто го урива имиџот на јавното здравство? Немам увид како работат сите државни болници, но имам позитивно искуство и со ГОБ „8 септември" Скопје и работата во амбулантите. Зачудува во овие две болници да нема пристап на интернет и за секој резултат да одите да го земете лично, да губите време, да трошите бензин и потоа се чудиме зошто во државна болница има колони? Во секоја приватна лабораторија може да ги добиете сите податоци во рок од 4–5 часа и вие дома и вашиот матичен лекар. Каде е Телеком да помогне?! Најквалитетни услуги дава, но и најскапи се. Нема да пропаднат ако дел од својот приход го дадат во хуманитарни цели.

И ако лекувањето во јавното здравство е добро еве уште едно прашање: зошто се насочуваат болните кон приватните болници!? Факт е дека и таму има стручњаци и пациентите добиваат добра нега. Но прескапи се! Посебно се недостапни за нас повозрасните, за пензионерите, и оние граѓани со пониски примања. Можеби тука треба на некој начин да интервенира и државата и да не биде оштетен никој ни приватните болници ни пациентите. Да се надеваме дека новиот министер д–р Сали кој делува доста сериозно и заинтересирано за проблемите на здравството кое заедно со образованието, се според мене, најбитните министерства во државата, а на некој начин и се преплетуваат бидејќи во здравството директно се едуцираат кадри. Во ова наше јавно здравство се обучуваат кадри на сите нивоа и се стекнуваат со знаење кое не се добива во школските клупи. Со здрави и образовани луѓе државата ќе оди само напред!

Затоа апелирам до сите особено до повозрасните да бидеме умни и да не подлегнуваме на разни невистини кои го уриваат угледот на јавното здравство. Моето осумдневно интензивно и стручно лекување не чинеше 0 денари, што воопшто не е за потценување и во никој случај не е понеквалитетно или помалку стручно, а разликата во цената е зачудувачка. И уште еден апел до новиот министер и до државата. Преку голем број фирми и компании огромни средства се влеваат во државата преку приватното здравство. Мора да има некакви инструменти тоа да биде правилно или правично распределено. Не треба да се заборави дека кадрите во овие објекти главно се едуцирани на државните факултети и стекнале искуство и знаења во клиниките на јавното здравство!

**К. С. Андонова**


**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:** СЗПМ

Година XV – број 164
март 2022 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;

**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# ЗП ТЕТОВО - лична карта




**Здружение на пензионери Тетово**

**ул. 120 бр бб, Тетово тел: 044 309 039 zpt.tetovo@gmail.com**



**Селвер Мемети**
**претседател**
**на ИО и на ЗП Тетово**

Во различно време и различни услови пензионерите од Тетовскиот крај имале различни форми на организирање. Во почетокот, пред 70 години, грижата за пензионерите ја имала посебна комисија во рамки на Синдикатите, а во 1967 година тогашните пензионери се определиле за самостојно функционирање како група граѓани. Оттогаш е произлезена, а подоцна и реализирана иницијативата за изградба на Домот на пензионери.

Официјално, првиот Статут на Здружението е донесен на 12 јуни 1992 година, по осамостојувањето на Република Македонија. Во 1998 година се донесува и Закон за здруженија на граѓани и фондации, а на 11.12.1998 година Здружението носи нов Статут усогласен со Законот.

Во сите години на постоење и активност, Здружението на пензионери претставува активен чинител во заштита на правата и интересите на пензионерите на подрачјето на кое дејствува.

ЗП Тетово е конституирано и функционира според одредбите од Законот за здруженија и фондации на Република Македонија, Статутот на СЗПМ и сопствениот Статут. Дејствува како невладина, непартиска и непрофитна организација. Опфаќа подрачје на шест општини: Долни Полог –Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце, со вкупен број на околу 11 500 членови–пензионери. Членството е со етнички мешан состав: Македонци и Албанци како најбројни, а има членови Турци, Роми, Срби и други националности.

Највисок орган на Здружението е Собранието кое го сочинуваат 47 членови непосредно избрани во органите на Здружението. Собранието од своите редови избира Извршен одбор што го сочинуваат 17 членови. Има и 4 постојани комисии по различни области, а повремено формира и други. Тоа има и Надзорен одбор од 5 членови кој ја контролира неговата работа.

При изборот на членовите, се води сметка за територијалната застапеност како и соодветна национална и полова структура. Изборот на членовите на органите непосредно се врши во 22 огранока, колку што постојат на подрачјето на ова Здружение. 7 ограноци работат во градот, а 15 во руралните средини.

Сите материјали по кои се расправа на седниците на органите се на македонски и албански јазик, идентични по содржина. Членовите и делегатите во органите и телата на Здружението немаат ограничувања за употреба на својот мајчин јазик.

Претседател на Собранието од неодамна е Мирко Јовчевски, додека на Извршниот одбор е Селвер Мемети.

Здружението располага со сопствен Дом на пензионери, изграден во 1971 година. Приземјето на Домот е во деловни простории–канцеларии и сали, во кое функционира и единствениот Клуб на пензионери. На кат има 11 простории за сместување пензионери и една сала за состаноци. Органите на Здружението преземаат мерки за адаптација на просториите, нивно преуредување и осовременување, во кои се планира да се сместат пензионери со пониски примања и нерегулиран станбен статус во семејства.

Неодамна е изградена натстрешница и оформена е амбуланта каде што пензионерите можат да добијат повеќе превентивни прегледи.

Тоа организира екскурзии во земјата и странство, прошетки до културно–историски региони, одржува забави и друг вид средби, се грижи за подобрување на состојбите на пензионерите. Активно учествува во спортските натпревари организирани во рамки на СЗПМ, културно–забавни ревии и манифестации, разни етно–собирања и друго, со цел да се збогати содржината на активностите на пензионерите.

На јавните настапи тетовските пензионери ја потврдуваат определбата за негување изворна народна музика и фолклор и развивање на културните вредности на Македонците, Албанците и другите кои живеат во Тетовскиот крај. Во 2013 година учествуваше на Тринаесеттиот фестивал на трета доба што се одржа во Љубљана – Словенија, како претставник на СЗПМ. Постојано учествува на регионалните натпревари, од 25–те што досега се одржани ЗП Тетово секогаш го освојуваше првото место, и на републичките спортски натпревари, каде што како апсолутен победник беше девет пати. Ова здружение го освои и преодниот пехар во трајна сопственост за најуспешно на три последователни спортски натпревари.

Здружението има издадено и Монографија по повод 65 години од своето постоење.

Секоја година Здружението доделува еднократна парична помош, која годишно се движи на околу 600.000 денари, а корисници се над 200 пензионери. Годишно се организираат и повеќе екскурзии во земјата и во странство.

Здружението има одлична соработка со секоја локална самоуправа на шесте општини, со кои се потпишани самоуправни спогодби. Соработката е интензивна и со градоначалникот на Тетово Билал Касами кој на неодамнешната средба понудил 2 000 бесплатни карти за пензионерите за превоз во Општина Тетово.

Соработка се остварува и со повеќе невладини организации и здруженија на пензионери од нашата земја.

На 28.2.2022 година Собранието на ЗП Тетово ја одржа првата седница за 2022 година. На дневен ред на седницата беше донесување одлука за усвојување на завршната сметка за материјално финансиското работење на Здружението за 2021 година, со табеларен преглед на остварените приходи и расходи со индекс на остварување и образложение по табеларниот преглед; усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за извршената контрола на материјално–финансиското работење за 2021 година, и информација од претседателот на Извршниот одбор, за одржаните преговори во Владата на РС Македонија, во врска со усогласувањето и зголемувањето на пензиите. Истите материјали претходно беа утврдени на седница на Извршниот одбор и предложени на усвојување до Собранието. На седницата на Собранието, се искажаа пофални зборови за целокупното работење на Здружението во 2021 година, во услови на пандемија, со постигнување добри резултати од сите аспекти на организираниот пензионерски живот. Активностите кои не беа реализирани поради коронавирусот, беа заменети со нови содржини како што е зголемување на



обемот на средствата наменети за помош на пензионерите со ниски пензиски примања, инвестиционо одржување и преуредување на Домот на пензионерите и активности од областа на здравството и здравствената заштита на пензионерите во време на вируси.

Од дискусиите на повеќето членови на Собранието, произлезе заклучокот дека позитивно се оценети преземените активности за ангажирање на вишокот средства од нереализираните активности поради пандемијата и нивното вложување во реконструкција на работните простории во Домот на пензионерите,





со цел создавање оптимални услови за работа и престој на пензионерите.

Ефектите од позитивното финансиско работење, предлог на членовите на Собранието беше да се искористат во 2022 година, со нови инвестиции и нови содржини.

Поради големиот интерес на пензионерите за новите Владини иницијативи за усогласување на пензиите и нивното зголемување, беше повод, претседателот на Извршниот одбор Селвер Мемети да ги запознае членовите на Собранието за текот на преговорите со Владата на РС Македонија, во својство на член на делегацијата од СЗПМ што ја предводеше претседателот на СЗПМ Станка Трајкова.





Ова здружение може да биде пример за многу здруженија како едно од ретките со хетероген состав на членството по разни основи.

**СЗПМ**

ЗП Чаир

# Нова книга „Во самракот“ од Васил Пачемски




Неодамна Васил Пачемски го издаде романот „Во самракот“, кој поради коронавирусот не можеше да биде промовиран, но еве ја можноста да се претстави на страниците на весникот „Пензионер плус“. Го има напишано, подготвено и со желба да излезе на виделина, го отпечати, за да можат љубителите на пишаниот збор да го прочитаат и да се внесат во душата на ликовите во четивото.

Романот „Во самракот“ на Пачемски е една возбудлива приказна, која кога ја читате, имате чувство дека сте таму, во постојано исчезнување на она што следува. Додека ја читате книгата ве тера да се внесете директно во приказната, во која тој низ дијалог ни го доближува светот на својот јунак Виолета. Главниот лик е млада девојка која потекнува од сиромашно селско семејство и има многу соништа во животот и голема љубов кон книгата. На моменти мислиме дека сме Виолета поради реалното творење во кое нема фантазија. Таквото раскажување нè враќа во реалноста во која, секому може да му се случи истото. Авторот на убав начин нè води низ приказната и нè поттикнува да не ја оставиме на половина. Тоа е роман што се чита во еден здив, сликовит, романтичен. На момент потсетува на љубов, а понекогаш предизвикува морници. Делото има четири дела, четири периоди од животот на главниот лик. Виолета е посилна кога ѝ е најтешко, самракот целиот живот е нејзин придружник, но таа, тој мрачен пат знае дека не е единствен. Во преживувањето на главниот јунак, помладите ќе ја препознаат младешката љубов, а повозрасните низа моменти од својот живот, на кои не им придавале важност во младоста. Романот „Во самракот“ од Васил Пачемски ја збогатува македонската книжевност со оригинално дело што претставува исечок од животот на современиот човек. Во подготовка е и негова нова книга.

**Васил Пачемски**

ЗП Прилеп

# Меморијална книга - Сеќавања



Неодамна во издание на Друштвото за наука и уметност од Прилеп во кое членуваат повеќе пензионери, подготвена од пензионираниот инспектор по труд Тодор Алексоски и пензионираниот судија Слободан Беличански излезе од печат Меморијална книга – Сеќавања од 1971 до 2021 година.

Во оваа книга авторите се потрудиле со фотографии и библиографски текстови да ги набележат портретите на 87 почесни, придружни и редовни членови на Друштвото за наука и уметност од Прилеп. Покрај живите и редовни членови, претставени, односно поместени се портретите со фотографии на сите членови од почетокот на формирањето на Друштвото, во изминатите 50 години, поточно од 1971 до 1.10.2021 година.

Како што велат авторите целите на оваа меморијална публикација се да се продолжи негувањето на културата на сеќавањето на полето на науката и уметноста. Да го сочува спомeнот на членовите на Друштвото за наука и уметност од Прилеп, чии стручно–научни, образовни, уметнички и други резултати биле вреднувани, познати и признати во македонски, југословенски и меѓународни рамки. Да го сочува спомeнот на ДНУ, чии дострели и углед се темелеа и темелат на дострелите и угледот на неговите членови. Книгата е инспирација и охрабрување за сите кои се занимаваат со наука и уметност за да вложуваат максимум лична и колективна енергија, во служба на општествениот, економскиот, социјалниот, научниот и креативниот напредок на нашата земја. Со право може да се каже дека оваа книга е дел од мозаикот што ја чини и треба да ја чини прилепската, македонската и поширокота интелектуална историја.

Кон ова треба да се додаде дека книгата се темели на податоците од личните досиеја на починатите членови на Друштвото за наука и уметност, како и на податоците од останатата сочувана документација од неговата полувековна историја, на фактите содржани во објавени домашни и странски публикации и интернетски достапни и проверени факти, за во неа застапените шеснаесет почесни, четири придружни и шеесет и седум редовни членови на ДНУ. Така на пример во оваа книга меѓу почесните членови поместени се библиографски податоци за првиот претседател на независна Македонија, Киро Глигоров. Потоа поместени се повеќе податоци за починати и живи истакнати научни советници, академици, уметници од областа на културата, науката, медицината, техниката и од сите области. Тука можат да се најдат и доста лични податоци за академикот, поет и професор Блаже Конески, академскиот сликар Борко Лазески, академикот со прилепско потекло Љубен Лапе, академскиот сликар Ордан Петлески и уште многу други, вели еден од авторите на оваа Меморијална книга, Тодор Алексоски.

**К. Р.**

Пробиштип

# Пензионерот Станко Трајановски треба да биде горд на она што го сработил



Децата од селски средини како по некое непишано правило стануваат големи луѓе кои зад себе оставаат неизбришливи траги и големи дека. Пензионерот Станко Трајановски е еден од нив.

Роден е во селото Плешенци во земјоделско сиромашно семејство. Од мал ја почувствувал сиромаштијата и животот на село, и уште тогаш си поставил цел да се спротивстави на ваквиот живот и да се избори за подобра иднина. Во подрачното училиште во Плешенци, се зафатил за книгата и се истакнувал по успехот од своите другари. Образованието го продолжил во Пробиштип, секојдневно патувајќи по неколку километри, по дожд, снег, ветер. Поради недостиг од образовен кадар, Станко како ученик со натпросечни знаења, со само 16 години, бил назначен за учител и раководител на подрачното училиште во селото Пишица. Кога финансиски закрепнал, решил да го дооформи образованието и се запишал во земјоделското училиште во Струмица, па на Педагошката академија во Штип, и потоа на факултетот во Скопје, група Биологија, каде што дипломира со висок просек над 9.

Во 1975 година, се изградил Домот на културата и Станко бил назначен за директор на оваа нова установа. Еве што вели за тоа време:

– Мојата прва и основна цел беше да ги обединам раситнетите организации во кои работеа по еден или двајца работници со многу ниски примања. Така беше создаден Домот на културата „Злетовски рудар“. Ги средив просториите, Радио Пробиштип доби современо студио со најсовремена студиска опрема, предавател од еден киловат со голема чујност кој ја покриваше цела североисточна Македонија. Набрзо Радио Пробиштип стана меѓу најдобрите локални радија во Македонија. Во библиотеката го зголемив книжниот фонд за неколку пати, а отворив и читална каде што граѓаните и учениците можеа да земаат книги и списанија и да читаат. Во киното, се набавуваа најпрестижните кинопретстави од ЈУ–просторите. Киносалата секогаш беше преполна. Ми се роди идеја да донесам и нешто од сериозната музика, па во неколку наврати имаше и оперски претстави. Исто така, ги формирав драмското студио „ЗЕР“ и КУД „Злетовски рудар“. Во фолклорот се подготвуваа кореографии, а драмското студио „ЗЕР“, со режисерите Шумански и Гаврилов, се зафати со експериментални претстави. Успесите не изостанаа. Ги востановив и регионалните драмски смотри во Пробиштип како и музичкиот фестивал „Избираме најдобар пејач работник“. Не беше запоставен и Работничкиот универзитет. Формиравме курсеви за дооформување на основното и средното образование, како и курсеви за странски јазици за кои имаше голем интерес од сите генерации, – се присетува за тие времиња Трајановски.

– Потоа заминав за секретар на сизовите каде што како секретар ги реорганизирав 13–те самоуправни интересни заедници, па така се доби ефикасно функционирање во интерес на граѓаните, а останува и повеќе средства.

Денес Трајановски е кон крајот на осмата деценија. Пензионерските денови ги минува активно во работа во неговата градина, а дворот кој го уредува сам е вистинско преубаво катче каде што тој ужива со својата сопруга. Желба му е својот живот и сето она што го правел со децении да го помести во една книга со елементи на монографија за општествениот живот во Пробиштип. Се надева дека желбата ќе му се исполни.

**М. Здравковска**



ЗП Ѓорче Петров

# Интервју со Александар Стојкоски Градоначалник на Општина Ѓорче Петров

**Почитуван господине градоначалник Стојкоски, Вие од неодамна сте прв човек во Општина Ѓорче Петров. На одбележување на 20 години бевте присутен на нашата Свечена седница со што ни направивте и почит и чест. Нашето здружение и досега имаше добра соработка со оштината. Ќе продолжи ли таа соработка и понатаму?**

Секако дека нашата соработка ќе продолжи и понатаму во насока на реализирање на проектите кои се од интерес на популацијата од трета доба во Општина Ѓорче Петров. Во текот на првите три месеци од мандатот веќе оствариме средби со претставници на пензионерското здружение од општината и разговаравме во правец на подобрување на статусот на повозрасните наши сограѓани. Договоривме да работиме заеднички во насока на нивна социјализација и меѓусебна комуникација и јас како градоначалник силно ќе се заложам овие планови да се остварат што поскоро. Тоа е еден вид благодарност кон овие генерации за се што тие своевремено направиле за нас.

**Што планирате во врска со највозрасните жители како градоначалник на општината?**

Ќе продолжам да се заложувам за подобро функционирање на пензионерите со уште по силна динамика. Генерално, во периодот што следува ќе се организираат настани и други активности поврзани со подобрување на секојдневието на овие жители. Во план е изработка на социјална карта на пензионери што значително ќе ни го олесни мапирањето на овие лица, односно ќе го ажурираме списокот на пензионери од социјално ранливите категории. Следува повторно да се состанеме за да ги дефинираме заеднички приоритетите, а општината ќе застане со финансиска и логистичка поддршка и зад опремување на пензионерските клубови. Секако дека ќе работиме и на други заеднички проекти и настани и



ќе ја продолжиме веќе воспоставената одлична соработка на релација Општина – Здружение на пензионери.

**Вклучени ли се пензионерите во органите на општината? Ги консултирате ли за одредени прашања, особено за оние кои се однесуваат на нив?**

Во однос на проектите кои се однесуваат на пензионерите, неизбежна е консултација со овие жители. Секако дека во соработка со нив ги носиме одлуките и се тоа во насока исклучително на подобрување на нивното секојдневие. Во овој правец, планираме вклучување на пензионерите во комисии и овозможување социјална заштита. Ќе продолжиме и во иднина со истата практика. Ниту еден проект кој има цел нивно подобро секојдневие нема да биде реализиран без консултација и меѓусебна соработка.

**ЗП Ѓорче Петров е едно од најактивните здруженија на територијата на Скопје, каде што дејствуваат 14 здружења на пензионери. Имаме многу активности на културен, спортски и хуманитарен план. Не имате ли поместено во буџетот на општината? Можеме ли да сметаме на некаква финансиска помош од општината?**

Јас сум особено горд што пензионерите од Ѓорче Петров се едни од најактивните во градот и со години наназад доста успешно функционира ова здружение. Во буџетите за изминатите години одвоени беа соодветни средства за реализација на проекти предвидени за пензионерите. Ние секако ќе продолжиме со поддршката на пензионерите и во наредниот период.

**Во програмата на здружението планирано е да бидат отворени клубови на пензионери во сите органоци. Ќе ни помогнете ли и на тој план?**

Ќе формираме посебен совет со претставници на пензионерите со цел успешно координирање на заедничката соработка. Тоа има цел и повторно отворање на пензионерските клубови кои долго време беа под клуч. Но, тоа е веќе минато. Секако дека секогаш сте добредојдени во општината за помош и поддршка и во оваа насока.

**Пензионерите односно ЗП Ѓорче Петров и досега беше вклучено во активности на општината. Се надеваме дека така ќе биде и во иднина на заедничко задоволство на сите?**

Апсолутно дека ќе продолжи таа практика во иста насока и со засилено темпо. Дадената доверба од Ваша страна значи обврска за мене. Пензионерските денови треба да бидат најубавите денови во животот. И тоа е наша цел. Општина Ѓорче Петров останува сервис на оваа категорија граѓани, а мене како градоначалник ќе ми биде задоволство да бидам линкот меѓу општината и пензионерите и да ги остварувам нивните идеи и предлози.

**И на крајот, што ќе им порачате на највозрасните жители од Општина Ѓорче Петров?**

Пред се сакам да им се заблагодарам на поддршката. Им посакувам одлично здравје и мирни пензионерски денови, а сакам да им порачам дека општина Ѓорче Петров им останува партнер во реализацијата на нивните сугестии. Јас како градоначалник останувам постојано достапен за пензионерите, а општината останува секогаш отворена за нив.

**Интервјуто го водеше Љубинко Ристов, секретар на ИО при ЗП Ѓорче Петров**

# Мојата пријателка

Некој умен човек рекол: Колку повеќе пријатели имаме толку сме побогати.

Јас имав неколку искрени и вистински пријателки со кои се дружам, но имав среќа во поодминати години да се стекнам со уште една вистинска пријателка и тоа пријателство сè уште трае.

Моето детство беше убаво. И тогаш иако бевме деца имавме другарчиња со кои се друживме, се бркавме по дворовите, уживавме во летниот дожд, му се радувавме на првиот снег, на првото кокиче. Растевме во природа. Го сакав моето родно село свиено во подножјето на една мала височина. Според моите сеќавања денес сето ова ми изгледа прекрасно, но и како сè брзо да заврши.

Детството одлета. Велат сè што е убаво кратко трае. Многу бргу виорот ме однесе во животот на возрасните, живот кој не е ниту лесен ниту прекрасен иако во него сопатници ми беа убави настани и времиња. На почетокот главно бевме опкружени со радост и добри случувања. Додека чекорев низ животот во убава брачна хармонија, темен облак се надви над мојот дотогаш среќен дом исполнет со детска смеа. Мојот сопруг се разболе. Не успеавме да се избориме со тешката болест. Почина. Останав сама со децата и со безброј проблеми. Понекогаш беше неиздржливо тешко.

Годините минуваа. Животот ми стана едноличен, тежок и монотон, но среќата ми се насмевна, ми се случи нешто добро кое внесе зрак светлина во мојот живот. Пресвртница во моето секојдневно сивило внесе една случајна средба, сега мислам дека е судбинска, бидејќи ништо не се случува без причина. Тогаш се наоѓав во една мрачна бездна од која се обидував да излезам, но никако сосема не успевав, повторно паѓав во неа. Во тој тежок момент како ангел, во мојот живот, вшета една личност која околу себе шири позитивна енергија, добрина и разбирање. Се сретнавме, еден прекрасен сончев летен ден, со сега мојата најдобра и најдрага пријателка. Тогаш тоа не го знаев и бев вчудовидена зашто беше упорна да продолжиме со дружењето. Таа со нејзината подадена рака како да го избриша сето она што беше се наталожило во мене со години во мојата свест и душа. Веруваше во мене и тоа ми го покажуваше. Успеа да ми го врати мојот борбен дух, кој одредени околности го беа затрупале со огромна тага и немоќ. Нејзините охрабрувачки зборови ми покажаа еден нов животен пат, ми покажа како да се борам и справам со тешкото животно бреме и ме убеди дека не постојат невозможни нешта. Благодарение на мојата нова пријателка повторно добив самодоверба и храброст да ја сменам едноличноста во животот, да ја избркам депресијата, да свртам нова страница, да сменам многу нешта и да зачекорам во подобро денес и утре.

Чекор по чекор почнав да се занимавам со нешто за кое не ни знаев дека можам. Со многу труд и работа успеав животните вистински приказни на моите пријатели и луѓе кои ме опкружуваат, да ги преточам во книга. Тоа беше за мене прав успех и голема радост. Покрај тоа што по–чнав да пишувам, почнав и да сликам, да користам четкички и бои за да ги пренесам моите видувања на сè што ме опкружува и на платно. Сликав само убави нешта: цвеќиња, пејзажи, птици. Моите денови станаа разнобојни како и моите слики. Нештата околу мене почнав да ги сфаќам како реалност и неминовност. Помагав на децата колку што можам и кога можам. Можеби не сум среќна, но сум задоволна и не се плашам од денот кој доаѓа, благодарение на мојата пријателка и нашето дружење кое трае цели 15 години. Не сме често физички заедно, но секогаш е тука кога ми е потребно, совет, разговор, утеха...

**В. Петрушева**

ЗП Валандово

# Пензионерите бараат повеќе примероци на весникот „Пензионер плус“

Во ЗП Валандово, бројот на пензионерите ја надмина бројката од 2.000 членови. Интересот за весникот „Пензионер плус“, е се поголем, и сегашните 100 броја кои ги добиваме, не се доволни за да можеме да ги задоволиме барањата на пензионерите, бидејќи не располагаме со пензионерски клубови, за да можеме да доставаме примеоци од весникот, каде би се читале.

О друга страна пензионерите весникот „Пензионер плус“ си го земаат со себе, не оставајќи можност и други да го читаат.

Почитувани, ве молиме доколку има можност би сакале да добиваме и по 200 броја. На тој начин до огранците ќе доставуваме по 30 броја, а за Валандово ќе ни остануваат само 50 броја. **Горица Михајлова**

ЗП Битола

# Хуманоста и здравјето пред сè

Во голем број случаи во разни форуми, здруженија и асоцијации на секој почеток на календарската година извештаите и постигнатите резултати за предходната година се усвојуваат и прифаќаат врз база на стручните служби што тие ги подготвуваат, но Извршниот одбор и Собранието на ЗП Битола со големо внимание и одговорност тие материјали опстојно ги разгледаа со насоки дел од реализираните ак–тивности да продолжат и оваа година, посебно заради пандемијата која се одрази мошне негативно врз здравјето на поголем број членови на СЗПМ. Се нагласи потребата и оваа година при ЗП Битола да продолжат хуманитарните донации кон пензионери со ниски примања и специјализирани организации за грижа на лица со посебни потреби и секако поголем број ангажирања за стандардот и здравјето на членовите на ЗП Битола. Претседателката на Извршниот одбор Даница Петличкова и претседателот на Собранието Крсте Белевски на ЗП Битола речиси буквално од секој член на овие органи настојуваа активно да ги ослушат нивните ставови за минатогодишните активности кои беа позитивно оценети и прифатени.

На одржаните неколку седници одлучено е да се организираат спортските игри и ревијалните музички настапи, како и екскурзиите и разновидните собири со збратимени друштва зашто сите тие придонесуваат за активно и здраво стареење.

И Петличкова и Белевски во врска со програмите за работа на ЗП Битола истакнаа дека и оваа година ќе продолжат активностите за хуманитарна помош и донации.

На седниците се нагласи потребата за отворање на пензионерски клубови, посредувањето за набавка на огревно дрво, повластено патување низ градскиот превоз, како и се разбира помасовно учество на спортските и музички настапи, ако има условиза нив. **П. Ставрев**

# Амбициозни пехчевци

Изминатата година беше полна со непријатни предизвици и не целосно извршени активности. Како и секоја година и оваа се вршеше сумирање на резултатите од работењето во минатата година. Најпрво беше одржана седницата на Извршниот одбор на здружението, во подготовка на седницата на Собранието.

На седницата на Собранието присуствуваа и градоначалникот на Општина Пехчево Александар Китански и претседателката на Активот на жените Руска Сидраковска. На седницата беше усвоен Извештајот за работа на здружението во 2021 година, во која беше потенцирано дека согласно со Програмата за работа беше поставена тенда пред Пензионерскиот клуб која беше финасиски поддржана со средства на Здружението, Општина Пехчево и СЗПМ. Здружението секој месец подготвува финасиски извештај за приходите и расходите во изминатиот месец и истиот се истакнува на огласната табла.



Членови на здружението не учествуваа на Регионалната ревија на песни музика и игри, но учествува на Регионалните спортски игри во Виница и постигнаа забележителни резултати. А поради пандемијата беше организирана само една екскурзија со посета на манастирот Св. Гаврил Лесновски.

Предлог–програмата за работа во 2022 година предвидува конструктивна дискусија. Предвидени се повеќе активности. Во соработка со Здравствениот дом „Д–р Иван Георгиев“ Пехчево ќе се направат напори за обезбедување навремени и квалитетни здравствени услуги на пензионерите, и ќе се врши едукација на членовите за потребата од вакцинација. Во соработка со Општина Пехчево се актуелизира потребата од изградба на Дом за стари лица на локацијата на стариот здравствен дом, и се реализираат проекти за обезбедување на патронажни служби за пружање помош на стари лица во домашни услови.

Во Предлог–програмата се планира и формирање на игроорна група на пензионери на здружението, а со активот на жени пензионерки ќе се направи програма за привлекување нови членови и ќе се работи на социјално–хуманитарната дејност. На предлог на огранците во с. Робово и с. Панчарево ќе се разгледаат просторните услови за отварање на клубови на пензионери. Во дел на Пензионерскиот клуб ќе се изврши уредување на нов простор за престој на пензионерите во летните месеци. Локалитетот „Равна река“ да се реновира за организирање пикници со пензионери од Источниот регион.

ЗП Пехчево планира да учествува со свои членови на сите настани организирани од СЗПМ, а преку својот делегат активно ќе учествува во работата на органите и телата на СЗПМ. Во понатамошниот тек на седницата беше разгледан Финансискиот извештај за 2021 година, финансискиот план за 2022 година. Се изврши и дополнување на член на Надзорниот одбор на здружението. **А. К.**

ЗП Куманово

# Посета на болни пензионери

Во почетокот на месец февруари оваа 2022 година, раководството на здружението беше во посета на неколку пензионери на кои им беше доделена хуманитарна помош која се состоеше од неопходни прехрамбени продукти и средства за хигиена. ЗП и понатаму продолжува со хуманитарни активности и спроведување и реализирање на определбата на Здружението „Секој пензионерски денар да се врати на пензионерите“. Најпрвин го посетивме нашиот пензионер Драги Милковски кој живее во населбата Карпош. За жал нашиот член на здружението, на кого сакавме да му посакаме добро здравје е неподвижен и живее во голема сиромаштија со минимална пензија. Искра надеж се појави на неговото лице кога виде дека не е заборавен од неговото здружение. Добиените пакети за миг му измамија насмевка.




Истиот ден раководството на ЗПК ја посети и една од најстарите пензионери Дана Крстевска. Таа е на возраст од 93 години и живее во населбата Гоце Делчев. Старицата со ведар дух и бистар ум многу се израдува на помошта и цврсто подадената рака која кажува дека има некој кој мисли на неа.

„Само да ми се покачи пензијата ќе ми го олесни животот“, молбено прошепоти старицата. „Ќе се бориме со сите сили да ти се оствари, мајче, желбата“, рече претседателот на здружението Благе Јакимовски.

Утредента вредниот огранок „Зелен рид“ при ЗП–Куманово на чело со председателот Ласте Алексовски и раководството на ЗПК беа во посета на Младен Стојановски. До пред некоја година Младен со своето златно грло пееше како солист, во дуети и во хорот на здружението. Болеста го врза за количка нашиот почитуван Младен. И тој изрази огромна благодарност за укажаното внимание и помошта.

„Се сеќаваш ли Младене кога ја пеевме во дует 'Доста, доста, лично бре Стојне' на една од нашите многубројни културни пензионерски манифестации. „Како не се сеќавам, Лиле. А што велиш пак да запееме“.

Собра Младен сили и запеа а јас по него. Му посакавме следниот пат да не дочека на нозе. **Љиљана Тричковиќ**

Premieri Kovaçevski në LShPM

# Takim që do të mbahet mend

Më 7 mars 2022, Kryetari i Qeverisë së RMV Dimitar Kovaçevski, është takuar me personat e parë të LShPM: kryetaren e Lidhjes Stanka Trajkova, nënkryetarin e KE Mentor Qoku dhe sekretarin e KE Menka Temelkovska. Në takim ishin të pranishëm edhe pensionistë të tjerë nga disa shoqata.




Në fillim të takimit kryetarja Trajkova ka falënderuar Premierin Dimitar Kovaçevski i cili me gjithë numrin e madh të obligimeve ka gjetur kohë që të takohet me pensionistët dhe atë në vepër të tregojë respektin e vet ndaj qytetarëve më të rritur në shtet. Më pastaj, kryetarja Trajkova e ka njohur Premierin me të arriturat dhe rezultatet e Lidhjes, por edhe me problemet dhe çështjet e pazgjidhura të cilat janë në interes të shfrytëzuesve të pensionit dhe të cilat si të tilla përfaqësojnë përparësi në Lidhje.

- Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, pothuajse një vit ka dhënë propozimet e veta që të ndryshojë formula për harmonizim të pensioneve dhe ja pas dy viteve takimi pune, epilogu është pozitiv - pensionet si vendim sistematik ligjor do të harmonizohen dy herë në vit edhe atë me 50% nga rritja e rrogave nga të gjithë të punësuarit dhe me 50% nga rritja e shpenzimeve të jetës. Është mirë që vendimi i ri metodologjik do të rregullohet me ligj, do të përfaqësojë siguri të madhe juridike për shfrytëzuesit e pensionit. Ajo do të thotë se për pensionet nuk do të vendoset me akt të cilësdo Qeveri, por me ligj, i cili ofron vendim të shëndosh dhe të paanshëm - ka potencuar Trajkova.

- Bashkëpunimi me Lidhjen e shoqatave të pensionistëve dhe me të gjitha palët relevante shoqërore për ne si Qeveri është me rëndësi të madhe, sepse bashkërisht në konsultime me ju do të sjellim vendimet. Vendimet e tilla gjithnjë janë shumë më të mira se sa kur sjellën njëanshëm. Sa i përket pensioneve ato në mars dhe shtator në të ardhmen do të harmonizohen nga se Enti shtetëror për statistika atëherë i shpall të dhënat oficiale për rritjen e rrogës mesatare, ka thënë Kovaçevski dhe ka shtuar se Qeveria menjëherë do të fillojë në zbatimin e metodës së re, ndërkaq pensionistët pensionet e tyre të rritura do i marrin nga shtatori i këtij viti.

Edhe para kësaj dispozite, në dy takimet që patëm, përmes bisedës së hapur me drejtuesit tuaj siguruam rritje në vazhdimësi të pensioneve, e me atë edhe në standardin tuaj dhe kualitetit jetësor. E pranuam modelin të cilin e propozoj Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë si metodologji e re për rritje të pensioneve në vazhdimësi për çka kemi biseduar edhe me FNM (MMF) dhe Bankën ndërkombëtare si financier të shtetit tonë dhe kemi mbështetjen e tyre. Atë që premtuam përmes dialogut do e realizojmë në afat sa më shpejtë të mundshëm dhe do filloj të zbatohet me pensionin e shtatorit.

Nga kryetarja juaj në këtë takim Stanka Trajkova, dëgjova më tepër propozime dhe nisma konstruktive të cilat janë në interes të pensionistëve të cilat do të shqyrtohen me ministritë përkatëse sipas përmbajtjes. Tremijë denarët ndihmë drejtpërdrejt financiare për pothuajse 330 mijë pensionistë nga 1,000 denarë me pensionin e marsit, prillit dhe pensionin në maj, do të paguhen nga Fondi pensional. Shpresojmë se deri në fund të vitit, pensioni mesatar do jetë rreth 17.300 denarë.

Ky, vërtet ishte takim që do mbahet mend. **K.S.A.**

ShP Veles

# Takimi i 27 i Manifestimit republikan "Ëmbëlsira e gjyshes"

Më 3 mars 2022, në restorantin "Bella voda" në Liqenin e Veles, janë shënuar 27 vite nga ekzistimi i Manifestimit republikan pranë Shoqatës së pensionistëve Veles "Ëmbëlsira e gjyshes".

Manifestimi "Ëmbëlsira e gjyshes", së pari herë ishte mbajtur në vitin shteti jonë. Ata e kanë pasuruar tavolinën me lloje të ndryshme tradicionale ëmbëlsira maqedonase. Të gjitha ëmbëlsirat ishin të shijshme prandaj të gjithë u shpallën më të bukurat dhe më të shijshmet.

Në këtë manifestim ishin mysafir përfaqësues nga Komuna Veles, Komuna Çashka si dhe nga Këshilli komunal i Kryqit të kuq nga Velesi. Manifestimin fillimisht e ka përshëndetur kryetari i Shoqatës së pensionistëve nga qyteti nikoqir, zotëri Vele Aleksoski. Ndërkaq, për të hapur e ka sh-



1994 duke ju falënderuar idesë së pensionisteve tona të cilat me entuziazmin dhe angazhimin e tyre kanë kontribuar që t'i epet kuptim ekzistimit të Aktivit të grave, të ruhet tradita jonë maqedonase për të mos u harruar rrënjët. Me këtë manifestim, popullata më e rritur donë që gjeneratave më të reja t'ju përcjell diçka që na e kemi trashëguar nga gjyshet tona që të mos harrohet dhe të mbetet kohë e përjetshme siç është e përjetshme Maqedonia jonë.

Edhe këtë vit ndjehet shija e "Ëmbëlsirës së gjyshes", për të cilën kanë kontribuar shumë pensionistet e vyeshme nga Aktivi i grave - pensioniste nga shoqatat e pensionistëve nga pallur kryetari i Kuvendit të LShPM zotëri Ilija Adamovski. Kryetarja e Aktivit të grave pranë ShP Veles, Bllagojka Nastova, i ka përshëndetur kryetaret e aktiveve të shoqatave dhe ju ka ndarë falënderime për angazhimin e tyre në përgatitjen e ëmbëlsirave tepër të bukura.

Mysafirët i ka argëtuar grupi "Kajshar bend", realizues i njohur i këngëve të vjetra maqedonase. Manifestimi "Ëmbëlsirat e gjyshes", ka mbaruar me premtimin që së shpejti të takohemi me raste të ngjashme të bukura që të mos ndalet shoqërimi i pensionistëve nga të gjitha shoqatat, anëtare të LShPM.

**Nada Aleksoska**

# Takim i kryetarit të shtetit Pendarovski me përfaqësues të Lidhjes

Më 4 mars 2022, kryetari Stevo Pendarovski, ka pranuar përfaqësues të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Në takim përfaqësuesit e Lidhjes kanë informuar kryetarin Pendarovski për punën dhe aktivitetet e asociacionit më në numër në të cilën janë të anëtarësuara 53 shoqata me rreth 280 000 pensionistë, të bashkuar me qëllim të mbrojtjes dhe përparimin e interesave dhe të drejtave të përbashkëta të shfrytëzuesve të pensionit në shtet.

Në takim, përfaqësuesit e LShPM kanë theksuar prioritet e tyre të cilat janë drejtuar për angazhimin më të plotë dhe të vetëm për realizimin e të drejtave nga sigurimi pensionist invalidor, për mbrojtje shëndetësore më kualitative, për përparimin e aktiviteteve kulturore, sportive dhe humanitare dhe nevojave të pensionistëve.



Kryetari Pendarovski ka përshëndetur angazhimet e Lidhjes, duke shprehur mbështetjen e tij për punën e tyre duke potencuar angazhimin e Lidhjes ndaj anëtarëve të vet, posaçërisht ndaj atyre me pensione më të ulëta, përmes aktiviteteve humanitare dhe vullnetar.

Në takim ndër të tjera, ka rënë fjala edhe për bashkëpunimin e Lidhjes me komunat dhe vetëqeverisjen lokale, bashkëpunimin me shoqatat tjera, organizata joqeveritare dhe fondacione, si dhe me asociacione pensioniste nga shtete tjera në rrethinë dhe më gjerë.

Në vitin 2021, LShPM ka shënuar 75 vite nga organizimi pensionist në shtetin tonë dhe me atë rast kryetarja e Lidhjes Stanka Trajkova, në emër të Lidhjes, kryetarit Pendarovski i ka ndarë Plakat, në shenjë falënderimi për mbështetjen të cilën e kanë pensionistët nga ai personalisht dhe shteti. **S.T.**

# Është miratuar Raporti për punë dhe Plani financiar për të hyrat dhe të dalat e Lidhjes për vitin 2021

Më 3.3.2022, Këshilli ekzekutiv i LShPM, ka mbajtur seancën e 29-të. Siç është e zakontë, me të ka drejtuar kryetarja e Lidhjes Stanka Trajkova.

Propozim - Raportin për punën e Lidhjes për vitin 2021 në mënyrë koncize e ka arsyetuar kryetarja Trajkova e cila ndër të tjera ka thënë:

-Viti 2021 ishte i vështirë, por në raport me 2020 ishte më i relaksuar, ngase ishim të vaksinuar dhe me guxim iu kundërvumë Kovid - 19. Aktivitetet në Lidhje dhe në Shoqatat ishin të reduktuara, por nuk ndalën.

Në viti 2021, Lidhja fitoi lokale pune të reja në katin e njëjtë pranë lokaleve të deritanishme, në shfrytëzim afatgjatë me listë pronësore dhe në vitin 2021, në kufi të mundësive është bërë rinovim i tyre.

Gjithashtu, është bërë edhe harmonizim i pensioneve, që është me rëndësi ngase përmes harmonizimit të pensioneve, mbahet vlera reale e tyre. Në periudhën e kaluar, Lidhja në mënyrë të vazhdueshme dërgonte informacion deri tek Qeveria e RMV dhe Ministrisë për punë dhe politikë sociale, me



propozim me qëllim për ndryshimin e formulës për harmonizim të pensioneve me qëllim që ato të harmonizohen me pjesë nga rritja e harxhimeve të jetës dhe pjesë të rritje së rrogave. Në tekstin e fundit të Informatës është dhënë propozim që në periudha të caktuara kur dukshëm do të rriten harxhimet e jetës, të ketë edhe harmonizim degresiv (shkallëzuar), me atë që në kuadër të përqindjes së përgjithshme për harmonizimin e pensioneve, (nëse ajo është 5%), 4% do të paguhet gjithë pensionistëve, ndërkaq, 1% nga masa e mjeteve do të jepet pensioneve më të ulëta të shprehur në sasi fikse, duke mbajtur llogari në raportin e themeluat të pensioneve. Me këtë harmonizim të kombinuar të pensioneve do të vihet baraspeshë procesit për harmonizim të pensioneve ndërmjet dy parametrave.

Sa i përket ndryshimit të alinesë 3 neni 37 të Ligjit për sigurim pensionist invalidor me të cilin është rregulluar se nëse në vitin e kaluar është realizuar rritje e rrogës mesatare më tepër se 5% dhe në vitin aktual ka rritje të rrogës minimale prej 5%, atëherë mundet edhe pensionet të harmonizohen me rritjen e rrogave me akt të Qeverisë, por jo më tepër se rritja e rrogave, ngase ekzistojnë kushte edhe për harmonizim të pensioneve me rritjen e rrogave.

Përveç harmonizimit të pensioneve, Lidhja ka më tepër kërkesa në domenin e mbrojtjes shëndetësore të popullatës më të rritur. Më pastaj Lidhja ka ngritur nismë për zvogëlimin e harxhimeve për dërgim të pensioneve në adresën shtëpiake, për shërbime më të ulëta bankare, ndërtim të shtëpive shtetërore për pleq etj.

Kryetarja Trajkova ka informuar të pranishmit se më 19 mars 2022, në Televizionin maqedonas, do të ketë termin të veçantë në të cilin do të emitohen aktivitete nga Shoqatat e pensionistëve dhe Lidhja. Pas diskutimit, Raporti i LShPM për vitin 2021 është vënë në votim i cili është miratuar njëzëri.

Për Propozim - Raportin financiar për të hyrat dhe të dalat për vitin 2021, si dhe Raportin e Këshillit mbikëqyrës, arsyetim ka dhënë Menka Temelkovska, sekretar i KE në LShPM dhe Mitre Stojanovski, kryetar i Këshillit mbikëqyrës. Më pastaj është miratuar Llogaria vjetore e Lidhjes me të hyra të përgjithshme prej 9.224.410 denarë dhe të dala të përgjithshme në sasi prej 8.019.978 denarë.

Pas miratimit të këtyre dy dokumenteve të rëndësishme janë sjellë Rekomandime për mbajtjen e zgjedhjeve në vitin 2023, të cilat duhet të mbahen deri në fund të janarit 2023, në shoqatat e pensionistëve në të cilat duhet të zgjidhen trupat e tyre të punës, si dhe delegatë për kuvendin e Lidhjes. Pas mbarimit të tyre do të mbahen zgjedhjet në Lidhje.

Në diskutimin e mëtejmë kishte propozim që zgjedhjet të anulohen për 2 vite për arsye të pandemisë, për çka kryetarja Trajkova ka sqaruar se zgjedhjet duhet të mbahen sepse atë e kërkon Ligji, dhe se duhet të zgjidhen kuadro me kualitet dhe profesional të cilët do punojnë në interes të shfrytëzuesve të pensionit. Rekomandimet janë përgatitur dhe duhet të respektohen, ndërkaq, zgjedhjet duhet të mbahen. Pas diskutimit, Rekomandimet për mbajtjen e zgjedhjeve u vunë në votim të cilët u miratuan njëzëri.

Në seancë është sjellë edhe Rregullore për Veprimtarin botuese të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Me këtë rregullore rregullohet veprimtaria botuese e Lidhjes e cila do të realizohet përmes botimit të "Penzioner plus", ueb faqes, faqes në gazetën KOHA, Buletinin e Revyaleve folklorike dhe lojërave sportive, monografive dhe revistave tjera, respektivisht publikimeve nga puna e Lidhjes dhe shoqatave.

Propozim - Vendimi për redaktor për punë në gazetën "Penzioner plus", njëzëri është pranuar, si dhe Vendimi për miratimin e lejimit për mbështetje financiare të ShP D. Hisar, Vallandovë, Veles dhe M. Kamenicë.

**Kryetar, Këshilli ekzekutiv i LShPM**
**Stanka Trajkova**

Shoqata e pensionistëve Saraj

# Janë miratuar dokumente të rëndësishme

Kuvendi i Shoqatës së pensionistëve Saraj, më 09.03.2022, në lokalet e Klubit për qëndrim ditor, ka mbajtur seancën e XV-të në të cilën kanë marrë pjesë pos kuvendarëve edhe anëtarë të Këshillit ekzekutiv, kryetari i Këshillit mbikëqyrës, kryetarja e Aktivit të grave dhe kryetarët e degëve.



Me seancën ka drejtuar kryetari i Kuvendit Baki Bakiu, i cili pas aprovimit të procesverbalit nga seanca e fundit e Kuvendit dhe i rendit të ditës, me votim është verifikua mandati i Ajdin Feta për anëtar të Kuvendit nga dega Saraj.

Pika kryesore të rendit të ditës ishin: Raport për punën e organeve dhe të trupave të Shoqatës për vitin 2021; Raporti financiar për të hyrat dhe të dalat dhe Vendimi për aprovimin e Llogarisë vjetore të Shoqatës.

Theksime për pikat e përmendura ka dhënë Bakiu, duke përmendur realizim me sukses të disa aktiviteteve në kushte pandemie si: sportive, kulturore - artistike, shëndetësore, bashkëpunimi, informimi, puna e Aktivit të grave, puna e degëve etj.

Arsyetim për pikat e rendit të ditës ka dhënë edhe kryetari i Këshillit ekzekutiv Mahir Duraku, i cili ndër të tjera ka thënë se marrë parasysh kushtet lidhur me pandeminë, pjesa më e madhe e aktiviteteve programore janë realizuar me sukses. Ai ka theksuar se për arsye të kushteve pandemie, Shoqata vitin që shkoj i ka dhënë rëndësi ndihmës pensionistëve me të ardhura të vogla pensioni.

Për punën materiale-financiare edhe pse kishte material me shkrim nga Këshilli mbikëqyrës, kryetari i saj Bedri Tairi dha sqarime edhe me gojë.

Pas diskutimeve lidhur me pikat e rendit të ditës është vlerësuar se Shoqata në vitin raportues 2021 ka punuar me sukses, me përgjegjësi dhe në mënyrë ekonomike.

Materialet e rendit të ditës: Raporti për punën organeve dhe trupave të Shoqatës në vitin 2021, Raporti financiar për të hyrat dhe të dalat me atë të Këshillit mbikëqyrës si dhe vendimi për Llogarinë vjetore për vitin 2021, një nga një u miratuan njëzëri. **B.B.**

Faqen e redaktoi Baki Bakiu

## Симптомите и по инфекцијата со ковид 19 може да траат неколку месеци

„Продолжениот ковид“ е проблем на кој пациентите се жалат по претходна инфекција со ковид 19, а може да трае и неколку месеци, велат лекарите инфектолози и пулмолози. Закрепнувањето оди „горе–долу“, а проблемите кои се јавуваат се: замор, главоболки, отежнато дишење, но и висок крвен притисок и холестерол, забрзано чукање на срцето и друго. Затоа луѓето кои имале ковид пред 3 месеци не треба да брзаат со вакцинацијата, бидејќи главно сите имаат антитела и процесот на заздравувањето не е завршен. Физичката активност и спортувањето не треба да се започнуваат пред истекот на шест недели од болеста, а се препорачува употреба и на одредени природни производи.

Пред ковидот, ако лабораторискиот наод покажува дека имаме покачени д–димери, велат лекарите, ни укажаа дека има некакви проблеми во организмот поврзани со коагулацијата. Кај болните од ковид обично нема тромб, освен кај најтешките пациенти, но покачените вредности на д–димерите може да се одржуваат. Она што е најново откритие е дека се работи за еден вид коагулопатија, односно нарушување на коагулацијата.

Високиот д–димер покажува дека постои поголема можност пациентот да добие згрутчување на крвта, па затоа е важно тие пациенти да се лекуваат подолго – без разлика дали со инјекции, аспирин или некои од посилните лекови за уништување на згрутчувања во крвта. При тоа многу е важен витаминот Бе, кој ги храни нервите, но најдобар е од природните извори (квасецот), а не во таблетите, но и таблетите исто така се добри.

Белите дробови кои имале билатерално воспаление закрепнуваат полека и со текот на времето, но тоа закрепнување трае долго. Она што ги советуваат пациентите кои имаат промени на скенерот, а што понекогаш во клиниките за ковид се толкува како ново воспаление на белите дробови, можат да бидат и остатоци од поранешна пневмонија, се вежби за дишење. На нашиот пазар се појавија добри апарати кои се користат во пулмологијата, кои ги прошируваат белите дробови. Со ова се носи повеќе крв во белите дробови. Свежата крв води до заздравување.

Според докторите, после акутната фаза треба да се следи крвната слика, д–димерот и CRP една недела, а подоцна тој интервал се зголемува. Важно е пациентот да биде во контакт со докторот и да му каже какви проблеми има. Според сегашните теории, основата на продолжената ковидност е тоа што честичките на вирусот се задржуваат во тенкото црево и таму започнува автоимуниот одговор на организмот – кога нашите клетки почнуваат да ги напаѓаат сопствените ткива. Затоа, пациентите кои прележале ковид треба да користат пробиотици подолго време, а потребни се и кардиолошки прегледи, особено за оние кои потешко го прележале. Најмалку шест недели не треба да се започне со физичка активност, а се препорачуваат прошетки. Ултразвучната контрола од кардиолог е задолжителна, бидејќи понекогаш на одреден број луѓе им се забрзуваат отчукувањата на срцето и им се јавува висок крвен притисок што дотогаш го немале, па дури и висок холестерол. Според симптомите на постковид состојбите кои можат да настанат, се чини дека нема разлика дали се работи за лесна или тешка форма на ковид, велат лекарите.

Кога станува збор за антителата, нема научно потврдени факти, а врз основа на искуството со пациентите, може да се каже дека антителата се појавуваат и исчезнуваат во зависност од самиот организам. Во основа, не се важни антителата, туку „мемориските клетки“ кои ја паметат средбата со ковидот, како и цитотоксичните клетки, т.н. убијци на вируси. Тоа се оние клетки кои го носат имунитетот. Се препорачува и користење на козјите производи. Тие доста добро влијаат на здравјето на белите дробови, а пред неколку години и американски студии го докажале истото. Друга препорака е земање витамин Бе, мед, матичен млеч и друго.

**Д-р Снежана Макревска**

## Откриен лек против бактерии отпорни на антибиотик

Антибиотиците што ги користиме денес не се насочуваат кон штет–ните бактерии што го оптоваруваат нашето тело кога сме болни. Наместо тоа, тие ги напаѓаат и добрите и лошите бактерии. Бидејќи овој механизам не може да се контролира, тој придонесува за зголемен број заразни болести кои се имуни на третманите што ги имаме во моментов. Се очекува лековите отпорни на инфекции и нивните последици да убијат повеќе од 10 милиони луѓе до 2050 година, доколку останат непроверени.

Француската стартап–компанија „Eligo Bioscience“ има цел да воведе нов вид лекови наречени елигобиотици кои би можеле да ги нападнат бактериите на поефикасен фокусиран начин. Компанијата објави дека добила 20 милиони долари финансиски средства во кои е вклучена наградата од 2 милиона долари од предизвикот за иновации во светот.

Новите лекови наречени „Елигобиотици“ би биле дизајнирани да вршат конкретни, а не широки напади: тие би можеле да ги убиваат штетните бактерии, но не и корисните.

„Антибиотиците се оружје за масовно уништување: исклучително моќно, но непрецизно“.

„Со елигобиотиците можеме прецизно да интервенираме на микробиомот – таргетирајќи специфични бактерии за интервенции по наш избор. Со инженерството на самиот микробиом со прецизност слична на снајперист, можеме да ја решиме причината, а не само симптомите, на болестите поврзани со бактерии.

Најинтересно кај елигобиотиците е



нивното користење на CRISPR – нов метод за уредување на гените – да ги скенира бактериите и прецизно да ги пресече до нивните генски кодови за целосно да ги избриши. – вели д–р Ксавиер Дупорте, извршен директор на „Eligo“.

– Доколку работите одат како што треба, елигобиотиците би можеле да се земаат во вид на пилула наместо како инјекција.

„Можеби се чини футуристично, но замислуваме пилула која секој ден го чисти вашиот микробиом. Тоа е крајната форма на персонализираната медицина“.

**Т.Г.**

## Јаткасти плодови

Сигурно веќе знаете дека јаткастите плодови се неверојатно здрави и дека се поврзани со подобрување на здравјето на вашето срце, борбата против ракот, намалувањето на ризикот од Алцхајмерова болест, па дури и со губиток на несаканите килограми.

Затоа, јаткастите плодови се вкусна закуска што можете слободно да ја јадете без грижа совест. Но, колку често го правите ова? Иако се познати како здрава храна, јаткастите плодови исто така имаат (заслужено) репутација како храна што не можете да престанете да ја јадете, затоа малкумина од нас се придржуваат кон препорачаните дневни дози. Проблемот со прекумерната потрошувачка на јаткастите плодови може да има некои ризици по здравјето, а прочитајте подолу кои се 3–те најлоши од нив.

**Брзо ќе се здебелите**

Постојат многу истражувања кои велат дека јаткастите плодови можат да ви помогнат да изгубите на тежина. Сепак, треба да се обрне внимание на следниот факт – овие резултати се визможни само ако ги јадете во умерени количини. Надминувањето на препорачаните дневни количини ќе го сторат токму спротивното и вие ќе ја зголемите својата тежина. Дополнителен проблем е фактот што тоа ќе се случи многу побрзо отколку ако го претерате со друга храна. Имено, јаткастите плодови се многу богати со калории и затоа обезбедуваат повеќе енергија од другите намирници. На пример, 30 грама бадеми содржат 163 калории, додека иста количина варени тестенини содржи само 37 калории.

**Можат да ви се појават проблеми со варењето**

Ако некогаш чувствувате надуеност после јадењето јаткасти плодови, не сте единствени. Подуеност е вообичаен „несакан ефект“, благодарение на фитатите и танините, состојки поради кои јаткастите плодови се потешко сварливи. Како да ова не е доволно лошо, прекумерната консумација на масти (со кои се богати јакастите плодови) за краток временски период може да доведе и до дијареја. Како можете да ги спречите овие непријатни последици? Држете се до препорачаните дневни количини или одлучете се за опции што полесно се варат.

**Постои ризик од труење со селен**

Паѓање на косата, кршливи нокти, лош здив, болки во мускулите и зглобовите – сите овие се симптоми на труење со селен, ретка, но многу сериозна состојба што може да се појави ако јадете премногу бразилски ореви (со другите јаткасти плодови сте сигурни). Бразилските ореви се толку богати со селен што експертите препорачуваат да не јадете повеќе од неколку ореви дневно, и тоа само неколку пати неделно. **Б.А.**

## Цитати од невролингвистот Татјана Черниговскаја за загатките на човечкиот мозок

● Откритието не треба да се направи според план. Секако, тука има една суштинска придобивка: откритијата доаѓаат кај подготвените умови. Се сеќавате, таблицата на Менделеев не му се присонила на неговиот готвач. Тој долго работел над неа, мозокот продолжувал да мисли, и просто му се „отворило“ во сон. Јас така говорам: но таблицата на Менделеев беше страшно уморна од оваа приказна, и таа решила да му јави нему во сон, во сета своја слава.

● Сега ние точно знаеме: генијот може само да биде роден. Друго прашање е, што можно е да се родиш како гениј, а гениј да не станеш.

● Мозокот ги чува сите информации, покрај кои тој поминал, ги помирисал, вкусил или испил, сè стои таму. Ако вие сето тоа не го помните, тоа не значи, дека тоа не е во мозокот. Затоа јас постојано говорам: не треба да се читаат глупави книги, да се дружите со будали, да слушате лоша музика, да јадете неквалитетна храна, да гледате просечни филмови.

● Доколку тебе ти е здодевно во животот – ти си потполна будала.

● Кај творците секако мозоците со поинакви: податоците од томографите покажуваат, дека некои делови кај нив работат поактивно, отколку кај другите луѓе. Јас сум убедена, дека секое мало дете треба да се учи на музика, бидејќи така се постигнува фино подредена невронска мрежа – и не е важно, дали тоа дете ќе стане професионалец или не.

**М.Б.**

## Значајни занимливости за Македонија

### Кокино

Мегалитската опсерваторија Кокино се наоѓа во атарот на општината Старо Нагоричане. Опсерваторијата е на оддалеченост од околу 75 километри од Скопје, односно 35 километри од Куманово. До неа води асфалтен пат, а последните 500 метри треба да се пешачи за да се стигне до самата опсерваторија. Таа е поставена на врвот „Татиќев камен“, на надморска висина од 1 030 метри.

Опсерваторијата Кокино е откриена случајно во 2001 год. од страна на бугарски и македонски археолози. Во 2002 год. биле започнати истражувањата од страна на Народниот музеј во Куманово. Таа е датирана во 1800 год. п.н.е., односно раното бронзено време, а се протега на површина од 5 000 квадратни метри.

Мегалитската опсерваторија Кокино се наоѓа на неовулкански рид. Карпите се создадени со стврднувањето на лавата, која истекла од вулкански кратер. Времето и ерозијата направиле процепи и дел од тие процепи биле главните маркери низ кои се следеле циклусите на Сонцето и Месечината и се мерело времето. Седумте камени маркери во минатото ги означувале местата за изгревање на Сонцето и Месечината. И тоа во периодите на кусодневица, рамнодневица и долгодневица, како и нивните отклони. Сонцето, всушност, само на рамнодневиците – на 21 март и на 21 септември – изгрева точно на исток и заоѓа точно на запад. Потоа, постепено има отклонување кое изнесува до 45 степени.

Местата на изгревање се опфаќаат со природните маркери на мегалитните стени во Кокино. Тие укажуваат дека изгревањата на исто место на Сонцето се повторуваат на 18,6 години. Веројатно некои членови на племенската заедница имале задача секојдневно да ги следат движењата на небесните тела и да прават календари. Истите потоа ги користеле за одредување на деновите за ритуалните обреди, како и за започнување на сезонските работи во земјоделството и сточарството. Опсерваторијата Кокино е сместена на две скалести платформи од кои се следеле планетите. На горната платформа се пронајдени траги од неколку објекти и делови на керамика.

Според наодите на археолозите на локалитетот Кокино немало живеалишта туку опсерваторијата Кокино воедно била и светилиште. Во процепите на карпите се ставале предмети наменети за нивните божества. На локалитетот има и еден вид престол, каде што, најверојатно, седеле старешините и водачите на племето. При откривањето на локалитетот пронајдени се бројни артефакти (керамички чинии, амфороидни садови, камени секири итн.).

Голем број на артефакти се откриени во посебни археолошки целини. Кокино е со доминантна позиција на ридот над непосредната околина. Зафаќа голем радиус на видливост од неговиот врв. До врвот може да се стигне по блага падина осветлена од сонцето на неговата југоисточна страна. Археолошките целини и топграфските карактеристики ја потврдуваат неговата употреба како планинаско светилиште, на кое бронзенодопските жители од околниот простор изведувале некои „планински“ обреди.

Речиси сите археолошки артефакти беа пронајдени на највисокиот дел на локалитетот и малку подолу, на северната падина на ридот. За време на археолошките истражувања беа идентификувани два типа на обредни конструкции: обредни јами и кружни камени конструкции. Наодот на сад со облик на инка укажува дека била применувана и либација (истурање на течности). Многу од археолошките наоди од Кокино датираат од раното бронзено време (21– 17 в. пред н. е.), како и од доцното бронзено време (14– 11 в. пред н. е.). Наодите кои датираат од средното бронзено време се многу ретки.

Истражувања во археологија во последните неколку години открија траги од населба од железното време (7 в. пред н. е.), подигната на јужната падина на ридот. Ова е клучен доказ дека после тоа локалитетот не бил употребуван како светилиште иако, можеби, продолжила неговата употреба како опсерваторија. Археолошките наоди најдени во обредните јами и кружните камени конструкции се керамички садови и нивни фрагменти. Пронајдени се и рачни мелници за житарки, пирамидални тегови, прешлени за вретена, калапи за лиење на бронзени предмети, камени секири и др.

Во обредните конструкции се ставани и мали вотивни керамички фигурини, со претстави на делови од човечко тело и на домашни животни. На локалитетот се пронајдени околу 100 обредни јами, формирани околу природни пукнатини во стените, со заградување на отворот на процепот со поситен камен измешан со земја, а понекогаш и со глина. Археолошките артефакти се наоѓани на дното на јамите, покриени со земја и поситен камен. Отворот на вака пополнетите јами бил оградуван со камени плочи кои не потекнуваат од локалитетот.

Кружните камени конструкции се состојат од кружно наредени поголеми природно кршени камења со дијаметар на кругот од 1–2 м. По поставување на даровите во централниот дел на кругот депозитот е покриван со земја и поситен камен. Древната опсерваторија Кокино (или Мегалитската опсерваторија Кокино) е една од најинтересните содржини на овој локалитет. Просторот користен за оваа намена е ориентиран во правец запад – исток. Се состои од пониска, западна и повисока, источна платформа (А и В), со висинска разлика од околу 19 м. меѓу нив, како и западната и северната астрономска платформа (С и D). Платформите А и В биле користени за обредни дејствија.

Од платформата С се набљудувани, низ соодветни маркери. Тоа се изгревите на сонцето во деновите на летната долгодневица и зимската краткоденица. Маркерите за минимална и максимална деклинација на изгревите на полната месечина, во зиме и во лето и даваат на опсерваторијата Кокино посебно значење.

Праисториските жители на овој простор знаеле дека, во ист календарски ден, истата фаза на месечината се појавува на исто место на хоризонтот на секои 19 години. Астрономските истражувања покажаа дека астрономската платформа С маркерите се изработени во втората половина на 19 в. пред н. е. На основа на бележењето на изгревите на полната месечина праисториските набљудувачи на небото над Кокино изработиле календар со циклус од 19 години. Создавањето на календар е големо достигнување на праисториските жители. Тоа е доказ за добрата организација на животот и нивната духовна култура.

**М.Д.**


Кредит за
пензионери
до 75 години
До 120 000 ден. на 36 месеци
Севкупен трошок 2 929 денари
Земи 30 000 денари
Врати 32 929 денари на 4 рати
Аплицирај за кеш кредит во експозитура, на www.iutecredit.mk, преку мобилната апликација MyIute или на телефон 13 333. Ние ќе ти помогнеме при аплицирањето.
Парите се достапни за 15 минути.
iutecredit


Пензија на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Понуда и услуги за пензионери:
· Потрошувачки кредит за пензионери со фиксна каматна стапка во првите ДВЕ години почнувајќи од 6,75% и вклучена полиса за животно осигурување;
· Максимален износ до 300.000 МКД;
· Трансакциска сметка и дебитна картичка;
· Без надоместок за следење на Електронско банкарство.
За дополнителни информации посетете ја нашата веб-страница www.sparkasse.mk или информирајте се преку Контакт центарот на телефонскиот број 02-3200-600.
SPARKASSE Bank
Банка на вашето семејство
*Клиентот при доспевањето на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години.
14,28% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 300.000 МКД; рок на отплата 6 години; фиксна каматна стапка од 6,95% п.а. за првите две години и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период; трошоци за апликација 1.000 МКД; провизија за одобрување на кредитот 1.000 МКД и премија за животно осигурување за лице на 64 години од 42.229МКД (според условите на осигурителната компанија). Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.




## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Цитати за несреќа

„Ако сакате да промените или подобрите нешто во животот, мора да почнете така што ќе ги смените внатрешните аспекти на вашиот ум“ – Брајан Трејси

„И тоа ќе помине“ – Персиска изрека

„Стани подобра личност и биди сигурен дека знаеш кој си пред да запознаеш некој нов надевајќи се дека таа личност знае кој си“ – Габриел Гарсија Маркес

„Твоето време е ограничено, не го трош живејќи нечиј живот. Немој да дозволиш да те зароби догмата – да живееш како другите мислат. Немој да дозволиш буката од туѓи мислења да го замолчи твојот внатрешен глас. И најважно од сè, имај храброст да го пратиш своето срце и интуиција. Тие веќе некако знаат што сакаш да станеш. Сè друго доаѓа на второ место“ – Стив Џобс

„Кога бев мал гледав страшни работи на вестите, а мојата мајка секогаш ќе ми кажеше: „Побарај помош. Секогаш ќе најдеш луѓе кои сакаат да ти помогнат“. До денешен ден, посебно во ова хаотично време, секогаш се присетувам на зборовите на мајка ми и ме теши сознанието дека постојат луѓе кои секогаш ќе помогнат – има толку многу внимателни луѓе во светот“ – Фред Роџер

„Постојат две основни мотивациони сили: страв и љубов. Кога се плашиме се повлекуваме од животот. Кога сме вљубени отворени сме кон сè што има да ни понуди животот со страст, возбуда и привлечност. Мора да научиме прво да се сакаме себе, со сите свои несовршености. Еволуцијата и сите наши надежи за подобар свет се наоѓаат во визијата без страв и со отворено срце за луѓе кои се подготвени да го прифатат животот“. Џон Ленон

„Одамна ми е јасно дека луѓето кои се склони кон достигнувања не седат и не чекаат работите да се случат. Тие одат и им се случуваат на работите“ – Леонардо да Винчи

„Не се грижи за малите работи... Сè на крај и онака ќе биде во ред“ – Боб Марли

„Сите дилеми кои сум ги имал во животот, сите проблеми и препреки, ме зајакнуваа. Можеби нема да сфатиш веднаш кога ќе се случи тоа, но шамар по устата некогаш може да биде најдоброто нешто што ти се случило“ – Волт Дизни

„Последните 29 денови од месецот се најтешки“ – Никола Тесла

„Лифтот кој води до успехот е расипан, но скалите се секогаш достапни“ – Зиг Зиглар

„Несреќата ни изгледа многу помала кога за неа молчиме, отколку кога говориме. Зборувајќи за несреќата, таа само станува сè подлабока и поцрна, кој за неа зборува сто пати, само со тоа ја зголемува уште за сто пати. Молчењето е најдобар лек против несреќата; тоа е и најдостоинствениот човеков отпор и одмазда на судбината“ – Јован Дучиќ

## КРСТОЗБОР

“пензионер плус” | вид листокапно дрво | вид индустриска билка | марка француски автомобил | легенда | карпи | името на пејачката на ромски песни, реџепова | артистката маргрет | филмска приказна | вид експлозивно тело (мн) | ангстрем

германски композитор, јоханес | латински сврзник | сопственик на меница (мн.) | спис, дело | украсен збор | показна заменка | вид гас | согласка и самогласка | ставање ограда | неутрон | фосфор | канал во средна азија | камерун. фудбалер томас | прватa буква од азбуката | селски обувки | уред за мерење густин.на воздухот | тон | температура | “пензионер плус” | а.г. | тон | јапонски писател, уеда | манекенката мос | вид диво животно | турски големци | нба кошаркар | Патеписци | две согласки | град во јапонија на кјушу | основна мисла | печена глина | вид винова лоза | вид гуштери | вид американско животно слично на мечка (мн.) | ирски фудбалер рој | застапнички друштва | ирска пејачка шинид | помошна историска наука | ташко ширилов | руски сликар даниел | отпорна на болести | стар град во апулија | муслим м. име | едногрба камила | љубовник (арх) | река во русија | неправилности | шведско м. име | првата самоглас. | амер.слик. даниел | поетот шевченко | марио баслер | скроб | рачка на виолина | мерка за површина | наша поранешна музичка група (фотос) | скриена мисла | италија | извик на чудење | лизгачот данцер | руско машко име



**Решение:** Брамс, Есма, ремитенти, епитет, она, да, н, арик, а, опинци, т, аг, кејт, теракота, арамон, ракуни, агенции, родинологија, тш, имуна, ека, алпак, нева, аномалии, а, тарас, нишесте, мањифико, интима, бре, емерик, инар.

## Хумор

Трпе на смртна постела:
– Мила, сакам да се омажиш за комшијата Цветко!
– Ама како така, нели го мразиш?!
– Е па баш затоа!

* * *

Се јавува швалерката на фиксниот и телефонот го крева жената:
– Ало, Трпе ми треба.
– А кој го бара? – прашала жена му.
– Една другарка од средно.
– Кое средно мори, тој едвај осмо заврши!

* * *

Влагаат двајца тинејџери во библиотека. Библиотекарката:
– Да не врне надвор?

* * *

Две млади жени разговараат на кафе:
– Да ти кажам право сите мажи се исти.
– Ако се исти што се мажеше 3 пати?
– Платите им беа различни!

* * *

– Имате ли алиби за време на убиството?
– Што е тоа алиби?
– Некој да ве видел тоа време...
– Фала богу, никој!

* * *

Крштеваат маж од околу 40 години. По едно време попот вели:
– Одговори три пати. Се откажуваш ли од сатаната?
Мажот се врти кон попот:
– Дедо Попе, ти ме крштеваш или ме разведуваш?!

* * *

Трпе ја прашува Трпана:
– Жено, што имаме за ручек денес?
– Тавче гравче.
– Пак! Не можам секој ден да јадам грав!
– Е да бе, а иста ракија можеш да пиеш секој ден?!

* * *

Спијат маж и жена Охриѓани, во сон мажот извикува:
– Светланааа!
Веднаш јаде шамар од жена му која го прашува:
– Која ти е таа Светлана бе!?
Абе светлана вкујна изгасни ги, ги заборавив, струјата поскапе...

* * *

Две колешки разговараат:
– На маж ти многу му се допаѓам. Кај и да ме види, ме гушка и ме бакнува!
– А, он си е таков, ич не е гадлив.

* * *

2023 година.
– Трпана кај е маж ти, не сум го видела 3 години?
– Ене го дома, го лажам дека вирусот не е поминат да не оди по кафани.

* * *

Трпана го прашува Трпе:
– Маженце, каде ќе ме носиш за Нова Година?
– Кај мајка ти.
– А за Велигден?
– Тогаш ќе те земам!

## Болниот волк и овцата

Болен волк, лежел на брегот на една река. Така лежејќи видел овца во близина и ја замолил да се смилува и да му донесе вода.

– Би сакала да го направам тоа, но иако си болен, сепак си волк. Се плашам дека повеќе си гладен отколку жеден – одговорила овцата и си заминала.



ЗП Охрид и Дебрца

## Работна средба со градоначалникот на Општина Дебрца, Зоран Ногачески

На 26.01.2022 година во општина Дебрца со почитување на сите мерки и протоколи за ковид 19, делегација предводена од Ѓорѓи Трпчески, претседател на ЗП Охрид и Дебрца, Стефан Владимиров секретар на здружението, Борис



Недески управител на Клубот на пензионери во Охрид, Богоја Нелоски претседател на МО, поранешна мешеишка општина, Киро Попоски и заменик претседател на МО и Јонка Јоноска избран член во собранието на МО Дебрца кои делуваат на територијата на општина Дебрца во рамките на ЗП Охрид и Дебрца, оствари успешна работна средба со Зоран Ногачески градоначалник на општината Дебрца.

На почетокот на средбата, Претседателот Ѓорѓи Трпчески во името на ЗП Охрид и Дебрца на Зоран Ногачески му го честита изборот за градоначалник на општина Дебрца со желба за успешна работа и понатмошна соработка со здружението според претходно склучениот Меморандум за соработка. Потоа го запозна со сите позначајни активности и резулатати кои што ги постигнало здружението посебно на регионалните ревии на песна, музика и игри во Струга на кој настапи фолкорно трио од општината Дебрца, а во кое член беше Јонка Јоноска. Го запозна и со успешниот настап на КУД „Далги“ по повод 100 годишнината од раѓањето на големиот поет Блаже Конески во Прилеп во организација на СЗПМ, како и со настапот и успехот на спортски план на регионалните натпревари во Кичево и на 25–тите Републички натпревари во Велес, организирани од СЗПМ каде спортската екипа на ЗП Охрид и Дебрца постигна голем успех со освојување на второ место, екипно. го информираше дека Богоја Нелоски учествуваше на регионалните спортски напревари, а Јонка Јоноска член во спортската екипа од општината Дебрца го освои првото место во дисциплината фрлање на ѓуле освојувајќи трето место. За остварените успеси градоначалникот им честиташе на спортистите бидејќи тие со тоа воедно придонеле и за афирмација на општината Дебрца.

На хуманитарен план на 35 пензионери кои живееат на територијата на општина Дебрца им беа доделени пакети со храна.

Исто така, на средбата градоначалникот Ногачовски беше запознаен со барањето на пензионерите да добијат субвенции за користење на бесплатен јавен општински превоз на пензионерите од општината Дебрца за 2022 година. Градоначалникот искажа волја и подготвеност да се реализира овој проект според можности, а во согласност со законските прописи и буџетот на општина Дебрца, за што присутните му се заблагодарија.

**Димитрија Стојкоски Лепи**

ЗП Дојран

## Во посета на највозрасниот пензионер во Општина Дојран

Во рамките на своите активности на ден 12.1.2022 година, делегација составена од претседателот на ЗП Дојран и секретарот на Црвен крст Гевгелија го посетија најстариот жител (пензионер) во Општина Дојран.

Тома Аризанов е роден 10.7.1927 година во Струмица, а во 1928 година семејството се песелило во Нов Дојран. Во бракот има две деца, син и ќерка, и



е горд дедо на три внуци една внука и двајца правнуци.

Како млад бил вклучен во политичкиот и општествениот живот, а од септември 1944 година е и член на СКОЈ. Од крајот на 1945 до 30.10.1947 г. е вработен во администрацијата на локалната власт, а по завршување на воената обврска од 1.12.1950 година е секретар на месниот одбор.

Од 1.1.1955 година е избран за претседател на Општина Дојран, но поради реорганизација на локалната власт 1957 година, бидејќи Општина Дојран е приклучена кон Општина Богданци, му завршува мандатот, и од 15.9.1957 година е именуван за директор на рибарското претпријатие.

Со успешно менаџирање на Рибаското претпријатие Дојранско Езеро истото го издигнува на повисоко ниво по што е прогласено како најдобра рибарска организација во РМ. Со проширување на дејноста на претпријатието во сферата на трговијата, угостителството и машинската индустрија, бројот на вработени се зголемува од 100 на 320, што му овозможува да остане на чело организацијата 28 години.

Од 1972 до 1974 година е избран за секретар на Општинскиот комитет во Гевгелија, и по завршување на мандатот повторно е на чело на претпријатието Дојранско Езеро се до неговото пензионирање во 1988 година.

И во пензионерските денови е активен како член на Еколошкото друштво за спас на Дојранското Езеро во времето на еколошката катастрофа, а исто така бил и член на Извршниот одбор на ЗП Дојран. **Горанче Петровски**

Струга

## Примариус д-р Климент Матоски



Стружанецот примариус д–р Климент Матоски е со многу професии и занимања. Тој е кувенција (кујунџија), лекар, хуманист, уметник, раскажувач, истражувач, човек вљубеник во луѓето особено во децата, креводарител, доктор на науки... Нема стружанец кој не го познава. По природа е тивок, ненаметлив, скромен, интелигентен, културен, космополит. Иако за себе не сака многу да зборува, признанијата, наградите и пишаните научни трудови, зборуваат за неговите успеси и резултатите кои оставиле неизбришливи траги.

Од разговорот со него, слушнавме оти жали што не успеал да направи родослов на семејството, што не пишувал за неговиот татко партизан, за писателот револуционер, автор на македонската химна стружанецот Владо Малески и за тајната партизанска печатница во нивниот дом во Струга.

Примариус д–р Климент Матоски, е специјалист по педијатрија. Роден е во Струга на 24 јули 1940 година, во занаетчиско семејство. Во родниот град завршува основно образование, а паралелно го учи и кувенџискиот занает, кој се пренесувал во фамилијата со генерации наназад. Класична гимназија завршува во Охрид, а Медици–нски факултет во Скопје. Со вработувањето во Медицинскиот центар во Струга, престанал да се занимава со кувенџиство. Во овој центар како лекар го поминува целокупниот работен век до пензионирањето, во 2005 година. Од вработувањето, постојано е на задачи во „Службата за заштита и лекување на деца и ученици“. Повеќе од 25 години, секојдневно, во лето и во зима, ги посетува селските подрачни амбуланти во триесетина села во некогашната струшка општина, без надоместок, со ентузијазам, за да им помогне на болните.

Д–р Матоски во 1975 година ја завршил специјализацијата по педијатрија, а во 1978 година се здобива со титулата – примариус. Најомилениот дел во службата му било Детското советувалиште, кое сам го формирал уште во почетокот на неговата рана младост, како млад детски лекар–педијатар. Во 1988 година, пријавува докторска дисертација при универзитетите во Загреб, Белград и Ниш. Иако примена, одобрена и со термин за одбрана, од трите универзитети, таа останува како готов неодбранет текст, поради познатите случувања во СФРЈ. Во 1995 година, докторирал при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје на Катедрата по педијатрија на Медицинскиот факултет, како прв доктор на науки на ниво на Републиката, кој не е вработен на Медици–нскиот факултет во Скопје. Има објавено и преку 50 научни трудови, како плод на перманентната долгогодишна научноистражувачка работа од областа на педијатријата а посебно од превентивите дејности. Во јуни 2005 година, ја промовирал својата капитална монографија „Вродени луксантни состојби на колковите кај децата во Струга и Струшко – во периодот 1975–2005 година. Повеќе години е и член на претседателството на Лекарското друштво на Македонија, како и на редакциските и научните одбори на списанијата „Македонски медицински преглед“ од Скопје, и „Acta medica medianae“ од Ниш. Претседател е на Лекарското здружение од Струга. Во 1999 година ја доби „Златна плакета“, а во 2001 станува доктор на годината за Македонија, односно ја добива највисоката и најпрестижната награда „Свети Наум Охридски“. Во 2005 година, се здобил со нему најдрагото признание, за најдобро организирано детско советувалиште во Македонија. Повеќе од 60 години е активист на Организацијата на Црвениот крст на Македонија, во чии рамки бил на највисоки функции. Особено е активен на полето на крводарителството, а и самиот дарувал крв повеќе од 70 пати и е носител на многу признанија од тој домен. Кога прославувал 60 години активност во оваа хумана организација во Републиканa – 70 години од оформувањето на Црвениот крст на Македонија, бил почестен со „Големата јубилејна значка на Црвен крст на Македонија“. Оваа награда, го поттикнала да ја напише во 2016 година монографијата „Како пораснав и остарев во Црвениот крст на Македонија – моите 60 години во Црвениот крст на Македонија“.

Голема страст му е и музиката. Тој е еден е од основачите и неколку години претседател на Ансамблот за староградски песни и танци, „Распеани стружани“, со кој, заедно со својата сопруга Милка Матоска, покрај другото, снимиле и една „Long Play“ грамофонска плоча со 12 староградски струшки песни и танци. Повеќе од една деценија водел свои музички радио и ТВ емисии. Од најраното детство се бави и со фотографија. Многу години имал сопствена мала приручна лабораторија, но неизмерно ја сака и почитува, чува, негува и работата и животната околина. Често престојува во природа. Во 2012 година објавил книга со материјалот од неодбранетата докторска дисертација во Загреб, на преку 800 страници. Промоцијата пред преполнетата сала на Домот на културата во Струга, била празник за науката и за стружани. Во 2016 година, има промоција на делото „Кажувања на еден дедо доктор“, а со големо нетрпение се очекува промоцијата на уште едно огромно дело на овој скромен човек и сестран пензионер – монографијата „Струга во мојата душа – прошетка низ Струга од мојата младост“. **К. Спасески**

## Донесен Правилник за издавачката дејност на Сојузот

Првата седница на Статутарната комисија при Собранието на СЗПМ во оваа календарска година, се одржа на 21.2.2022 година. На почетокот на седницата претседателот на комисијата Стеван Ацески, ги поздрави присутните и предложи дневен ред кој беше едногласно усвоен.

Потоа претседателката Станка Трајкова даде кратко образложение на предложениот Правилник на издавачка дејност на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и рече:

– Иако Сојузот има богата издавачка дејност за прв пат се донесува ваков правилник, како значајна правна рамка. Во овој Правилник поместени се правила за одвивањето на издавачката дејност во Сојузот.

Со членот 36 став 64 од Статутот на Сојузот е утврдено дека за информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата и веб–страницата на СЗПМ, најмногу преку весникот „Пензионер плус“.

Во весникот се поместуваат содржини од работењето на Сојузот за активностите на здруженијата и текстови и иницијативи на Сојузот од интерес на корисниците на пензија.

Со членот 2 од Правилникот се регулира преку кои весници се остварува издавачката дејност, а тоа се: „Пензионер плус“, Билтени, страница со написи во весникот КОХА, веб–страницата на СЗПМ во која има и голем број подстраници на здруженија членки на Сојузот, преку издавање на монографии, брошури и друг вид на списанија и публикации од работењето на Сојузот. Со Правилникот е регулирано дека издавачката дејност од став 2 не смее да има дискриминаторска содржина, а предност за објавување имаат текстовите кои се однесуваат на третата доба, потоа текстови кои поттикнуваат хуманост, соживот и волонтерство и друго.

За реализација на издавачката дејност преку весникот „Пензионер плус“ се формира Издавачки совет, Редакциски одбор, весникот има главен и одговорен уредник, уредник, лектор и лице за компјутерска обработка.

По излагањето на претседателката Трајкова, Правилникот едногласно беше усвоен.

На седницата беа усвоени измени и дополнување на постојниот деловник бр. 02–02/373 од 3.6.2011 година, за работа на издавачката дејност се прецизирани дека седница може да се одржи и по телефон или on line, доколку од објективни причини не постојат услови за одржување на седница со физичко присуство.

**С.А.**

## Прославен патрониот празник на Кратово

Прославата на патрониот празник на Кратово Св. Ѓорѓи Кратовски се одржа на 24.2.2022 година.

Во рамките на утринските часови се отслужи литургија во црквата Св. Ѓорѓи Кратовски, а се одржа литургија и водокрст и на градскиот плоштад Павле Шатев, на кој во присуство на Европскиот владика Пимен, Брегалничкиот владика Иларион и повеќе свештеници и црковниот хор Св. Нектариј Битолски, чиноначалствуваше Кумановско–осоговскиот владика Григорие.

Културно–забавната програма ја отвориja со прекрасните звуци на тамбурата познатите Кратовски тамбураши кои ги сочинуваат пензионери членови на ЗП Кратово. Потоа се продолжи со разновидни содржини како што се учеството на Културно–уметничкото друштво Ефрем Карапов од Кратово, Фолклорниот ансамбл Љупчо Сантов од с. Оризари и народниот оркестар при ДМУЦ Сергеј Михајлов од Штип. Богатата културно–уметничка програма ја следеа граѓаните од Општина Кратово и многу гости од соседните општини: Пробиштип, Куманово и Крива Паланка, како и од другите градови од Републиката. Прославата продолжи во Хотел Кратис со богата музичка програма каде што присутните ги развеселуваа Кратовските тамбураши. За светецот Новомаченик Св. Ѓорѓи Кратовски треба да се забележи дека е роден во Кратово 1492 година, каде живеел и работел како кујунџија – златар. Кратово го напуштил бегајќи од притисокот од Турците за да не се потурчи и да не ја смени верата, при тоа оди во Софија. Но и таму му се врши притисок да ја прими исламската вера, на што тој се спротивставува, па како казнена мерка бил спален на плоштадот во Софија во 1515 година. **Методи Мишевски**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на одржување на ревиите на песни, музика и игри за 2022**

| Регион | ЗП учесници во Ревијата по региони | Домаќин и датум |
|---|---|---|
| 1. | ЗП: Виница, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево | **ЗП Берово** 10 мај |
| 2. | ЗП: Карпош, Ѓорче Петров, Тетово, Шуто Оризари, Бутел и Тафталиџе | **ЗП Ѓорче Петров** 4 мај |
| 3. | ЗП: Кисела Вода, Воени пензионери, Гази Баба, Сарај, ОВР на РМ и Илинден | **ЗП Гази Баба** 16 мај |
| 4. | ЗП: Куманово, Крива Паланка, Чаир, Кратово, Центар – Скопје и Солидарност – Аеродром | **ЗП Крива Паланка** 5 мај |
| 5. | ЗП: Пробиштип, Штип, Свети Николе, Злетово, Струмица, Радовиш и Конче, Ново Село и Лозово | **ЗП Радовиш и Конче** 12 мај |
| 6. | ЗП: Гевгелија, Велес, Неготино, Кавадарци, Богданци, Валандово, Демир Капија и Дојран | **ЗП Кавадарци** 11 мај |
| 7. | ЗП: Демир Хисар, Битола, Прилеп, Ресен и Крушево | **ЗП Битола** 9 мај |
| 8. | ЗП: Охрид и Дебрца, Гостивар, Кичево, М. Брод, Вевчани, Струга, Дебар, Центар Жупа и Лабуништа | **ЗП Охрид и Дебрца** 6 мај |